# XXXII ИЗЛОЖБА НА ДРУШТВОТО НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ ОД СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ИЗЛОЖБАТА СЕ ОРГАНИЗИРА ВО ЧЕСТ НА ТИТОВИТЕ И НАШИ ЈУБИЛЕИ — 40 ГОДИШНИНАТА ОД ДОАЃАЊЕТО НА ДРУГАРОТ ТИТО НА ЧЕЛО НА СКЈ И НЕГОВИОТ 85 РОДЕНДЕН

32 ГОДИШНА ИЗЛОЖБА НА ДРУШТВОТО НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ ОД СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОРГАНИЗАТОРИ
ДРУШТВО НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА И МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ, СКОПЈЕ

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ, СКОПЈЕ
4. XI — 4. XII 1977 ГОДИНА

Македонската Модерна се раѓаше и осмислуваше во мошне сложен состав на социјално-политички, економски, историски и културни околности. Почетокот на вистинскиот развој на современата ликовна уметност во Социјалистичка Република Македонија коинцидира со времето на ослободувањето и формирањето на ДЛУМ. Настојувањата во оваа област, главно до 1950 година беа во рамките на непретенциозни, скромни постигнувања. Во тој период беа формирани освен ДЛУМ (кој го добива денешниот назив 1953) и Училиштето за применета уметност (1945), Уметничката галерија (1949) и ДЛУПУМ (1950). Меѓутоа, од првата колективна изложба на македонските уметници (13. XI 1945 — 16. XII 1945, во просториите на основното училиште „Гоце Делчев", на која учествуваа 11 уметници: Аврамовски, Белогаски, Владимирски, Личеноски, Коџоман, Мартиноски, Блажиќ, Коцо, Ефтимов, Цицо и Тодоровски), Друштвото е првата и долговреме (дури и по формирањето на Уметничката галерија) единствената организирана форма на ликовно дејствување кај нас (групни и самостојни изложби на македонските уметници во Републиката и во Југославија: Белград, Загреб, Љубљана, Сараево, Марибор, Титоград итн.).
Во констелациите на брзи, ефикасни и релативно едноставни контакти со уметностите на другите средини во земјата и надвор од неа, македонскиот уметник ја изградуваше својата ликовна мисла и експресија по една логична еволутивна патека. Приклучувајќи се кон општите ликовни насоки пред сè во Југославија но и кон оние светски интонираните, ликовните творци во Македонија го следеа општиот од на уметностите. Во почетокот го толкуваа „локалното" поднебје на ним својствен начин (1945 — 1952), потоа наоѓаа теми релевантни на други култури и клими, за да го пронајдат својот spiritus movens и во националните созвучја на сопственото милие, во годините после 1959/60.
Во тоа константно барање на сопствениот идентитет, во текот на повеќе од 3 децении суштествување, македонската уметност ги создаде своите варијанти на познатите ликовни движења во светот: импресионизмот, експресионизмот, академскиот и социјалистичкиот реализам, надреализмот, енформелот и различните видови на нефигуралтивните изразности, поп-уметноста, новиот реализам и фигурација, сè до радикалниот реализам или суперреализмот.
Процесот на тоа чекорење познава четири генерации, присутни и во денешното ликовно дејствување и на оваа изложба: старата (осново-положничка), средната, младата и најмладата. Во судбините на сите овие генерации се испреплетуваат: макотрпието на судирот на генерациите; релативната меѓусебна нетрпеливост; конфронтацијата на напредните и конзервативните сфаќања и идеи за животот и уметноста; борбите со малограѓанските погледи и однесувања; судрувањата на малите и големите, признатите и непризнатите уметници; дилемите поврзани за оправданоста или неоправданоста на одењето по светски признатите стилови и извори; прашањата за создавањето на македонски, национален стил; за дихотомијата меѓу апстракцијата и фигурацијата, итн. итн.
Меѓутоа, во духот на спротивностите и различните идејно-естетски позиции се изградувала, растела и развивала секоја уметност. Нашата секако не можела и немала амбиции да оди надвор од општоважечките законитости на нештата. Како резултат на вакви и низа други движења е создадена денешната ликовно-естетска вредност на македонската современа уметност. Зошто, постојаноста во творечките барања, идеи и резултати е асинхрона и парадоксална во векот кој го наречуваме наш. Она што може да биде во моментов најзначаен заклучок за нас е познанието дека од своите скромни почетоци современата македонска уметност се развива во духот на еден постојано вертикално насочен дијаграм. Благодарение на тој факт, нејзиниот формален статус во југословенскиот ликовен простор преминува во автентичен и рамноправен.
Денешната изложба на Друштвото претставува преседан во неговата историја (не сметајќи ги првите настапи кога беше сосема едноставно да се воспостави единствен дух меѓу малубројното членство). Ретроградно погледнувајќи на изминатите ДЛУМ-ови изложби постојано се укажуваше на делумното учество и на отсуството на повеќе афирмирани уметници. Изложбава, посветена овој пат на Титовите јубилеи укажува на можноста за единство и компактност на членовите.

Годичешната концепција на Друштвото подразбира масовен настап (без жирирање и селектирање), упатува на апсолутна демократичност во презентирањето на членовите. Ваквата замисла се реперкуира во вид на панорамска презентација, во чиј невообичаен квантитет (145 уметници со 254 дела) на публиката ѝ останува да го одбере или пронајде вистинскиот квалитет и вистинските вредности. Ваквата замисла подразбира, по сила на логиката, големи амплитуди во осцилациите на вредностите, хетерогеност на реализациите, амбивалентност во движењата. Меѓутоа, таа истовремено е и демонстрирање на автентичната состојба во ликовната сегашност на Македонија.
Изразуваме задоволство што во овој случај Музејот на современата уметност од Скопје е посредникот меѓу уметниците и поширокото општество. Соработката меѓу МСУ и ДЛУМ има своја долгогодишна традиција на која понекогаш ѝ беа иманентни недоразбирањата и судрувањата. Овој пат сметаме дека е направн најголемиот чекор во меѓусебните односи, кој сакаме да веруваме дека води кон суштински и адекватни форми на заедничко конструктивно дејствување.

*Соња Абаџиева Димитрова*

## У Ч Е С Н И Ц И

Коста АБДАРМАНОВ
Драгутин АВРАМОВСКИ — ГУТЕ
Ставре АВРАМОВСКИ
Родољуб АНАСТАСОВ
Томислав АНДРЕЕВСКИ
Пано АНЃУШЕВ
Мира АПОСТОЛСКА
Илија АРИЗАНОВ
Тане АТАНАСОВСКИ — ГАРСКИ
Ѓорѓи АЧЕСКИ
Илија АЏИЕВСКИ
Божин БАРУТОВСКИ
Никола БАСНАРКОВ
Љубомир БЕЛОГАСКИ
Насо БЕКАРОВСКИ
Драган БИКОВ
Благоја БОГЕСКИ
Георги БОЖИНОВ
Васил ВАСИЛЕВ
Стефан ВАСИЛЕВСКИ
Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ — КУМАНОВСКИ
Иван ВЕЛКОВ
Камил ВЕЈНЕР
Пецо ВИДИМЧЕ
Томо ВЛАДИМИРСКИ
Ангел ГАВРОВСКИ
Димитар ГАСПАРОВ
Кирил ГЕГОСКИ
Петар ГЕОРГИЕВСКИ
Илинка ГЛИГОРОВА — СУЗА
Јордан ГРАБУЛ
Ѓорѓи ДАНЕВСКИ
Максим ДИМАНОВСКИ
Трајче ДИМЧЕВСКИ
Мирко ДОНЧЕВСКИ
Петар ДРАКУЛОВСКИ
Ванчо ЃОРЃИЕВ
Кирил ЕФРЕМОВ
Катја ЕВТИМОВА
Александар ИВАНОВСКИ — КАРАДАРЕ
Ангеле ИВАНОВСКИ
Методија ИВАНОВСКИ — МЕНДЕ
Славољуб ИГЊАТОВИЌ
Жарко ЈАКИМОВСКИ
Александар ЈАНКУЛОВСКИ — ЦАНЕ
Трајче ЈАНЧЕВСКИ
Ристо КАЛЧЕВСКИ
Киро КАРАЏА
Адем КАСТРАТИ
Димитар КОНДОВСКИ
Миле КОРУБИН
Рубенс КОРУБИН
Васил КОСТОВ
Бранко КОСТОВСКИ
Димче КОЦО
Димитар КОЧЕВСКИ — МИЧО
Вангел КОЏОМАН
Милош КОЏОМАН
Томислав КРМОВ
Боро КРСТЕВСКИ
Ѓорѓи КРСТЕВСКИ
Спасе КУНОВСКИ
Павле КУЗМАНОВСКИ
Борко ЛАЗЕСКИ
Илија ЛАФАЗАНОВСКИ
Лазар ЛИЧЕНОСКИ
Ристо ЛОЗАНОСКИ
Танас ЛУЛОВСКИ — ТАНЕ
Петар МАЗЕВ
Димитар МАЛИДАНОВ
Димитар МАНЕВ
Стефан МАНЕВСКИ
Дарко МАРКОВИЌ
Никола МАРТИНОСКИ
Ѓоко МАТЕВСКИ
Трајко МАТЕВСКИ — РИСИМКИН
Ристо МИЈАКОСКИ
Доне МИЉАНОВСКИ
Боро МИТРИКЕСКИ
Томе МИЦКОВСКИ
Рашко МУРАТОВСКИ
Богдан МУСОВИЌ
Трајко МУФТИНСКИ
Петар НАНЕВСКИ
Вангел НАУМОВСКИ
Благоја НИКОЛОВСКИ
Борис НИКОЛОСКИ
Петар НИКОЛОВСКИ
Трајче НИКОЛОВСКИ
Киро НУНЕВСКИ
Данчо ОРДЕВ
Таки ПАВЛОВСКИ
Димитар ПАНДИЛОВ
Благоја ПАПАЗОВСКИ
Илија ПЕНУШЛИСКИ
Душан ПЕРЧИНКОВ
Ангел ПЕТРОВ
Борис ПЕТРОВ
Јован ПЕТРОВ
Данка ПЕТРОВСКА
Стојан ПЕТРОВИЌ — РАФ
Богоја ПОПОСКИ
Драган ПОПОСКИ — ДАДА
Василие ПОПОВИЌ — ЦИЦО
Димче ПРОТУЃЕР
Александар РИСТЕСКИ
Елена РИСТЕСКА
Исени РЕЏАИ
Живко САРЕВСКИ
Томислав СЕРАФИМОВСКИ
Васил СИМОНОВСКИ
Јонче СИМОНЧЕ
Крсте СЛАВКОВСКИ
Владимир СПАСОВ
Мира СПИРОВСКА
Перо СПИРОВСКИ
Верољуб СТАНКОВИЌ
Златко СТЕФАНОВ
Љупчо СТЕФАНОВСКИ
Димитар СТОЈЧЕВСКИ

Душко СОТИРОВСКИ
Ранко СТРУМЕНИКОВСКИ
Борислав ТАЛЕВСКИ
Васко ТАШКОВСКИ
Ана ТЕМКОВА
Димо ТОДОРОВСКИ
Борислав ТРАИКОВСКИ
Димитар ТРАЈАНОВСКИ
Билјана УНКОВСКА
Олга МИЛИК — ФИДАНОВСКА
Никола ФИДАНОВСКИ
Александар ФИЛИПОВСКИ
Нове ФРАНГОВСКИ
Петар ХАЏИ БОШКОВ
Зафир ХАЏИ МИТРОВ
Георги ЦАПЕВ
Кирил ЧАНЕВ
Гранка ЧАУЛЕ
Глигор ЧЕМЕРСКИ
Благој ЧУШКОВ
Симон ШЕМОВ
Никола ШЕНТЕВСКИ
Томо ШИЈАК
Михајло ШОЈЛЕВ
Теофил ШУЛАЈКОВСКИ

### Коста АБДАРМАНОВ

Роден 1927 во с. Пателе (леринско). Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1954.

Живее и работи во Скопје: Бул. Партизански одреди бр. 101/IV-9.

Самостојни изложби:
Скопје — 1972/73.
Позначајни групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на ДЛУМ од 1958, како и на изложбите: Современа македонска скулптура во Скопје 1967; Наше минато во Скопје 1968; 25 години АСНОМ во Скопје 1969; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971/72; НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија во Белград 1976; Извел повеќе спомен бисти на народни херои и борци.
Награди:
Откупна награда за споменикот „Заточеници" во бившата Обласна бугарска полиција, Скопје.

### Драгутин АВРАМОВСКИ — ГУТЕ

Роден 1931 во Куманово. Академија за применета уметност завршил во Загреб 1955 год.

Живее и работи во Скопје: ул. 954 бр. 4 Д. Водно.
Самостојни изложби:

Скопје — 1955, 1959 (Со Менче Спировска), 1961 (со Р. Калчевски), 1962 (со П. Хаџи Бошков и Б. Ивковиќ), 1966.

Групни изложби:

Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1955, како и на изложбите: Изложба на ДЛУМ во Белград 1959; II биенале на младите во Риека 1962; II триенале во Белград 1964; II, IV, V, VI меѓународно биенале на графика во Љубљана 1957, 1961, 1963, 1965; Југословенска графика во Кина, Бурма, Индија, Лион, Париз 1957; Меѓународна изложба на современа графика во Чиле 1957; III медитеранско биенале во Александрија 1959/60; Современа графика на Југославија во Ленинград, Москва, Киев 1959/60; VII меѓународна изложба во Виена 1962; Уметноста во Македонија — денес во Рим 1965; I меѓународно биенале на графика во Краков 1965; Современа македонска уметност во Белград, Загреб, Сараево 1969.
Награди:
Октомвриска награда на СРМ за сликарство 1966.

### Ставре АВРАМОВСКИ

Роден 1943 во с. Забрдени (Егејска Македонија). Завршил Педагошка академија — ликовна група во Скопје.

Живее и работи во Скопје: ул. Лазар Поптрајков бр. 31а.

Самостојни изложби:

Скопје — 1976; Битола — 1977.

Групни изложби:

Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1972 год.

### Родољуб АНАСТАСОВ

Роден 1935 во Скопје. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1962 год.
Живее и работи во Скопје: Бул. Партизански одреди 93/I-9
Самостојни изложби:
Скопје — 1966, 1970, 1975, Нови Сад — 1967.
Позначајни групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1965, како и на изложбите: НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија во Белград 1966, 1971, 1976; Современото македонско сликарство — млада генерација, во Скопје 1967; Современи македонски уметници — актуелни тенденции во Скопје 1967; Современа македонска уметност во Белград, Сараево и Загреб 1969; V биенале на младите во Риека 1969; Македонска современа уметност во Анкара и Истанбул 1969; Десет македонски сликари во Париз и Ним 1970; VIII медитеранско биенале во Александрија 1970; V Есенски салон во Бања Лука 1971; Современо југословенско сликарство во Ковентри 1973; VIII интернационални сликарски недели во Грац 1973; Движења на современата југословенска ликовна уметност во Дубровник 1974; XIV анале во Пореч 1974; XIV ликовна есен во Сомбор 1974; Современа југословенска уметност во Хелсинки, Осло, Алборг (Данска) 1974; IX меморијал на Надежда Петровиќ во Чачак, Југословенски автопортрет во Тузла 1976, Современа југословенска уметност во Атина 1977; V Југословенско триенале во Белград 1977, Современа македонска уметност во Париз 1977.
Награди:
Награда за сликарство на белградскиот универзитет 1959; I. награда за сликарство на сојузната изложба „Младо ликовно творештво" во Белград 1959; II награда за сликарство на националната изложба „Наше минато" во Скопје 1968; I откупн награда за сликарство на VIII медитеранско биенале во Александарија 1970; III награда за сликарство на изложбата „НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија" во Белград 1971; II награда за сликарство на изложбата „Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници" во Скопје 1971.

### Томислав АНДРЕЕВСКИ

Роден 1935 во Скопје. Завршил Академија за применета уметност во Белград. Живее и работи во Скопје; ул. Караорман 27б, нас. Д. Водно.
Самостојни изложби:
Кавадарци — 1959; Белград, Скопје — 1961; Требиње — 1962; Скопје — 1970, 1973.
Позначајни групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на ДЛУМ од 1958, на изложбите на ДЛУПУМ од 1956, како и на изложбите: Југословенска применета уметност во Полска, СССР, Бугарија, Унгарија и ЧССР 1950/59; Петмина најмлади во Скопје 1960; Современа македонска уметност во Дижон 1962; Меѓународна изложба на дизајн во Париз 1963; Скопје 63 низ ликовни дела во Скопје 1965; Современа македонска скулптура — млада генерација во Скопје и

Нови Сад 1967; Современа македонска скулптура во Скопје 1967; НОБ во делата на македонските уметници во Скопје 1968; Наше минато во Скопје 1968; Современа македонска уметност во Ферара 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Дела на македонските уметници од колекцијата на МСУ во Скопје 1971; Нашето историско минато во делата на македонските уметници во Скопје 1971/72 и др.
Награди:
Награда на ДЛУПУМ во Скопје 1960, 1970; II награда за спомен-костурницата во Кичево 1961; награда на изложбата Скопје 63 низ ликовни дела во Скопје 1965; награда за најдобар дизајн на Загрепскиот велесаем 1969; Ноемвриска награда на град Скопје 1972; диплома за најдобар дизајн на Салонот за стакло во Белград 1973.

## Пано АНГУШЕВ

Роден 1927 во Кавадарци. Завршил Академија за ликовна уметност, во Белград 1954.
Живее и работи во Скопје: ул. Франц Прешерн бр. 135 нас Влае.
Самостојни изложби:
Скопје — 1958.
Групни изложби:
Излагал на повеќе изложби на ДЛУМ во Скопје и повеќе градови во земјата, Југословенски дизајн во Москва, Париз и Дижон 1960.

## Мира АПОСТОЛСКА

Родена 1937 во Кочани. Завршила Педагошка академија во Скопје 1963.
Живее и работи во Скопје: ул. Коце Металец бр. 54.
Самостојни изложби:
Скопје — 1968, 1973, Кочани и Штип — 1969; Врање — 1970 (со Т. Шулајковски).
Групни изложби:
Учествувала на сите изложби на ДЛУМ од 1968, како и на изложбите: Тонови, боја и поезија во Скопје 1969; Изложба на жени уметници од СРМ во Скопје 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Жени — сликари во Скопје, Битола 1977; Меѓународна изложба на жени сликари во Пиран 1977.

## Илија АРИЗАНОВ

Роден 1946 во с. Негорци (гевгелиско). Завршил Академија за применета уметност (III степен — сликарство) во Белград.
Живее и работи во Скопје: ул. 820 бр. 3 н. Маџари.
Самостојни изложби:
Белград — 1975; Скопје 1976.
Групни изложби:
Учествувал на изложбите на ДЛУМ од 1975, како и на изложбите: Изложба на цртеж во Скопје и Куманово 1976; Струмичка ликовна колонија во Струмица 1976; Изложба на млади сликари во Загреб 1976, Современа македонска уметност — млада генерација III во Скопје 1977.

## Тане АТАНАСОВСКИ — ГАРСКИ

Роден 1938 во с. Гари — (дебарско). Завршил Филозофски факултет — група Историја на уметноста во Скопје.
Живее и работи во Куманово: ул. Киро Антевски бр. 10.
Самостојни изложби:
Куманово — 1962, 1964, 1966, 1969, 1973; Битола — 1970; Пула 1970; Лесковац — 1972; Врање — 1972; Скопје — 1972, 1973; Пазин 1974.
Позначајни групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУК од 1958, на сите изложби на ДЛУМ од 1968, како и на изложбите: Моето сакано дело во Скопје 1970; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971; Современа македонска уметност — млада генерација II во Скопје и Битола 1972; Биенале на младите во Риека 1973; Збратимени уметници во Скопје и Куманово 1974.
Награди:
Ноемвриска награда за сликарство на градот Куманово за 1969; Годишна награда на ДЛУК за 1970 и 1972 год.

## Ѓорѓи АЧЕВСКИ

Роден 1914 во Прилеп. Сликар-самоук. Завршил IV одделение основно училиште.
Живее и работи во Прилеп; Сотка Ѓорѓиевски бр. 101

Самостојни изложби:
Горење, Штип — 1968; Скопје — 1972; Прилеп — 1973; Лсковац — 1974 и во повеќе градови во земјата во периодот од 1938—1977 год.
Групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на ДЛУМ од 1945, како и на изложбите на прилепските уметници во земјата.
Награди:
Октомвриската награда на СРМ за животно дело 1971; Септемвриска награда на Собранието на градот Прилеп, признание на ДЛУМ во 1974 год.

## Илија АЏИЕВСКИ

Роден 1926 во Струга. Завршил Академија за ликовни уметности во Загреб 1955.
Живее и работи во Скопје: ул. Партение Зографски бр. 39.
Самостојни изложби:
Струга — 1965 (со Б. Трпковски); Битола — 1965.
Позначајни грпни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на ДЛУМ од 1958, како и на изложбите: Скопје низ ликовни дела во Скопје 1962; Југословенски портрет во Тузла 1967; Современа македонска скулптура во Скопје 1967; Наше минато во Скопје 1968; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971/72 и др.

Награди:

Специјална пофалба на изложбата Југословеенски портрет во Тузла 1967.

## Божин БАРУТОВСКИ

Роден 1931 во с. Селце (охридско). Завршил училиште за применета уметност во Скопје 1953 год.

Живее и работи во Скопје: ул. Сава Ковачевиќ бр. VII-9

Самостојни изложби:

Скопје — 1960, 1962, 1967, 1971; Битола — 1969

Позначајни групни изложби:

Учествувал на изложбите на групата „Денес" од 1954, на изложбите на ДЛУМ од 1958, како и на изложбите: Македонски пејзаж во Скопје 1960; Македонски портрет на XIX и XX век во Скопје 1962; Скопје низ ликовни дела во Скопје 1962; Современа македонска уметност во Лондон и Братфорд 1964; Современа југословенска графика во Аргентина, Куба и Хондурас 1965; НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија во Белград 1966, 1971 и 1976; Современа југословенска уметност во Сирија, Либан и Ирак 1967; IV Бањалучки салон, 1968; Интернационална изложба на графика „Борба за мир против војната" во Берлин 1967; Современа македонска уметност во Ферара 1969; Ангажирана уметност во Југославија 1919—1969 во Словењ Градец 1969; Современа македонска уметност во Истанбул и Измир 1970; II биенале на графика во Фиренца 1970; Современа југословенска графика во Белград 1971; Современа југословенска графика во Сојузна република Германија 1971; Совремна југословенска графика во Тунис и Мароко 1971; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971/72; Балкан зона на мирот и пријателство меѓу народите во Букурешт 1977.

Награди:

II награда за графика на изложбата „НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија во Белград 1966; Откупна награда на IV бањалучки салон 1968; Награда за графика „Моша Пијаде" 1970; I награда за графика на изложбата „Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971/72; Сојузна награда „4 јули" 1972

## Никола БАСНАРКОВ

Роден 1932 во Ваташа кај Кавадарци. Завршил Училиште за применета уметност во Скопје.

Живее и работи во Кавадарци: ул. Илинденска бр. 50

Самостојни изложби:

Кавадарци; 1959, 1962, 1966, 1969; Скопје — 1963; Љубљана — 1977 (со П. Наневски и Ј. Јосифовски)

## Љубомир БЕЛОГАСКИ

Роден 1912 во Делчево. Завршил Уметничка школа на Наставничкиот и Академскиот оддел во Белград 1937.

Живее и работи во Скопје: ул. Илинденска бр. 87

Самостојни изложби:

Скопје — 1937, 1956, 1962, 1976; Тетово — 1958; Гостивар — 1958; Штип — 1958

Групни изложби:

Есенска изложба на сликарски и скулпторски дела во Белград 1937, Јубилејна X пролетна изложба на југословенски уметници во Белград 1938 и 1940, Јубилејна изложба по повод 10 години на „Јефимија" во Скопје 1939, на сите изложби на ДЛУМ од 1945, како и на изложбите: Македонски пејзаж во Скопје 1960, Македонски портрет на XIX и XX век во Скопје 1962, Современа македонска уметност меѓу двете војни во Скопје 1967, Македонски ликовни уметници во Словењ Градец 1964, Моето сакано дело во Скопје 1970, Македонско современо сликарство во Винковци и Осиек 1974, Жената како инспирација на уметникот во Скопје 1974 и др.

Награди:

Награда за плакат во Скопје 1947, Награда на Владата на НРМ во Скопје 1947 и 1950, Октомвриска награда на СРМ за животно дело во Скопје 1972

## Насо БЕКАРОВСКИ

Роден 1938 во с. Желево (Егејска Македонија). Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1963.

Живее и работи во Скопје: ул. Христијан Тодоровски-Карпош бр. 86б.

Самостојни изложби:

Скопје — 1962 (со Г. Чемерски), 1974, Струмица — 1967.

Поважни групни изложби:

Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1966, како и на изложбите: Југословенска млада генерација во Белград 1960/63; Современа македонска уметност — млада генерација во Скопје и Нови Сад 1967; Современа македонска скулптура во Скопје 1967; Аспекти на цртежот во Македонија во Скопје 1967; 25 години АСНОМ во Скопје 1969; Современа македонска уметност во Ферара 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Млада македонска генерација во Белград 1971; Струмичка ликовна колонија 1972; Тенденции во македонската скулптура во Скопје 1972; Македонски млади уметници во Белград 1975; Бањалучки салон 1975 и др.

Награди:

Награда на ДЛУМ за скулптура „Нерешки мајстори" во Скопје 1974, Награда за цртеж, НУБ „Климент Охридски" 1975.

## Драган БИКОВ

Роден 1933 во Делчево. Завршил Академија за применета уметност во Белград 1957 год.

Живее и работи во Скопје: Бул. Партизански одреди бр. 125/IV-10
Самостојни изложби:
Штип — 1963 (со К. Ефремов), Скопје 1973, 1974 (со Д. Малиданов)
Позначајни групни изложби:
Учествувал на сите изгожби на ДЛУМ од 1958; Струмичка ликовна колонија 1964; Белградски круг во Белград 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Југословенска графика во Германија, Белград и Тунис 1971; Современа македонска уметност во Романија 1972; Десет македонски графичари во Белград 1974; Југословенска графика во Штутгарт 1974; VI изложба на СЛУЈ во Сараево 1975; Ликовни сусрети во Суботица 1975; Југословенска графика по повод 200 годишнината на САД во Вашингтон 1975; I, II ,III, IV, V, VI VII VIII графичка изложба на ДЛУМ од 1970 до 1977.
Награди:
Осмоноемвриска награда на градот Штип 1966; Награда од фондот „Моша Пијаде" на V графичка изложба на ДЛУМ 1974; Откупна награда на НУБ „Климент Охридски" на VIII графичка изложба на ДЛУМ 1977.

### Благоја БОГЕСКИ

Роден 1932 во Прилеп. Завршил Педагошка академија-ликовен смер во Скопје
Живее и работи во Прилеп: ул. Ленин бр. 166
Самостојни изложби:
Прилеп: — 1962, 1972, 1973, 1975; Крушево — 1973; Битола и Кавадарци — 1974; Свети Николе, Титов Велес, Скопје — 1975.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби со Друштвото на ликовните уметници од Прилеп.

### Георги БОЖИНОВ

Роден 1947 во Струмица. Завршил Виша педагошка школа во Скопје.
Живее и работи во Струмица: ул. Ј. Јосифовски бр. 21
Самостојни изложби:
Ниш — 1969; Струмица — 1973, 1976; Љубљана — 1974, 1975; Видем Добропоље — 1975.
Групни изложби:
Учествувал на изложбите на ДЛУМ во Скопје и повеќе градови на земјата: Струмица, Куманово, Битола, Љубљана, Бања Лука, Тузла, Пиран, Загреб, Добој, Зеница, на изложбата Хумор и сатира во Трново 1977, Современа македонска уметност — млада генерација III во Скопје 1977.

### Васил ВАСИЛЕВ

Роден 1938 во Скопје. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1965.
Живее и работи во Скопје: ул. Мајаковски бр. 38
Самостојни изложби:
Скопје, Битола — 1970; Белград — 1971 (со А. Темкова); Скопје — 1972
Позначајни групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1966, како и на изложбите: меѓународна изложба во Словењ Градец 1965; Југословенска ситна пластика во Хаг 1965; Октомвриски салон во Белград 1966; НОБ во делата на ликовните уметници — војници во Белград, Загреб, Љубљана 1966; Современа македонска скулптура — млада генерација во Скопје и Нови Сад 1967; Современа македонска скулптура во Скопје 1967; 25 години АСНОМ во Скопје 1967; Современа македонска уметност во Ферара 1969; Современа југословенска уметност во Ница 1970; Моето сакано дело во Скопје 1970; НОБ во делата на југословенските ликовни уметници во Белград 1971, 1976; Млада македонска генерација во Белград 1971; Нашето историско минато во делата на македонските уметници во Скопје 1971/72; Тенденции во македонската скулптура во Скопје 1972; Современа македонска уметност во Романија 1972; XII анале во Пореч 1972; Меѓународен симпозиум на пластика во дрво во Прилеп 1973; I југословенско биенале на ситна пластика во Мурска Собота 1973; Македонски млади уметници во Белград 1975; Современа југословенска уметност во Сараево 1975; VII Есенски салон во Бања Лука 1975; XI меѓународно биенале во Александрија 1976; Млада југословенска уметност во Тунис, Каиро, Куба и Панама 1976; XVII анале во Пореч 1977; Современа југословенска уметност во Атина 1977 и др.
Награди:
Универзитетска награда во Белград 1964; наградата „Нерешки мајстори" 1969 во Скопје; I награда за скулптура на изложбата „25 години АСНОМ" во Скопје 1969; Откупна награда за скулптура од фондот „Моша Пијаде", на изложбата НОБ во делата на југословенските ликовни уметности во Белград 1971; I награда за скулптура на изложбата „Нашето историско минато во делата на македонските уметници во Скопје 1971/72; Награда „Моша Пијаде" за скулптура на изложбата Современа југословенска уметност во Сараево 1975; III награда за скулптура на XI биенале во Александрија 1976; II награда за скулптура на изложбата „НОБ во делата на југословенските ликовни уметници во Белград 1976; Откупна награда за споменик на паднатите борци во Тетово 1976; III награда на општојугословенскиот конкурс за споменик на паднатите борци од НОБ во Дебар 1976.

### Стефан ВАСИЛЕВСКИ

Роден 1932 во Прилеп. Завршил Педагошка академија во Скопје.
Живее и работи во Прилеп; ул. Иљка Присаѓанка бр. 28.
Самостојни изложби:
Шест изложби во Прилеп, Крушево — 1960; Скопје 1959, 1972; Ниш — 1962; Битола 1972, Солун — 1972;

Куманово — 1973, Кавадарци — 1973; Неготино — 1973; Македонски Брод — 1973; Струга — 1974.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1958, со „Ликовната група 58“ во Прилеп и Лесковац.
Награди:
Септемвриската награда на градот Прилеп, Орден на трудот од Претседателот на републиката Јосип Броз Тито.

## Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ — КУМАНОВСКИ

Роден 1937 во Куманово. Завршил Училиште за применета уметност во Скопје
Живее и работи во Куманово: ул. Гоце Димковски-Думба бр. 39
Самостојни изложби:
Куманово — 1964; 1969; 1970, 1972.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУК од 1958, на изложбите на ДЛУМ од 1968, како и на изложбите: Моето сакано дело во Скопје 1970; Ликовни средби во Скопје 1970; НОБ во делата на југословенските ликовни уметници во Белград 1971; Свет во кој живееме во Белград 1972; Струмичка ликовна колонија со Струмица 1972; Надреалисти од СРМ во Белград 1975.
Награди:
I Награда на годишната изложба на ДЛУК во Куманово 1971, Ноемвриска награда за сликарство на град Куманово 1972.

## Иван ВЕЛКОВ

Роден 1930 во Врање. Завршил Академија на ликовни уметности во Белград 1953 год.
Живее и работи во Скопје: ул. Димитар Пандилов бр. 21
Самостојни изложби:
Скопје — 1959 (со С. Куновски и П. Мазев), 1961, 1965, 1967, 1968, 1971, 1973; Врање — 1960; Белград и Струмица — 1962; Охрид и Битола 1967 (со П. Хаџи Бошков); Нови Сад — 1967; Куманово — 1977.
Позначајни групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1954, како и на изложбите: Модерна југословенска графика во Мексико Сити 1957; Современа македонска уметност во Дижон 1962; II биенале на младите во Риека 1962; Македонски портрет XIX—XX век во Скопје 1962; Скопски уметници за Скопје во Лондон и Братфорд 1964; Уметност во Македонија денес во Рим 1965; Современа македонска уметност во Торино 1966; Шест југословенски уметници во Нирнберг, Штутгарт и З. Берлин 1966; Современи македонски уметници — актуелни тенденции во Скопје 1967; III југословенско триенале на ликовните уметности во Белград 1967; Современа југословенска уметност во Бејрут, Дамаск, Триполи, Багдад 1967; III биенале во Болцано 1969; Изложба на македонските уметници во Ферара 1969; Современа македонска уметност во Белград, Сараево и Загреб 1969; 25 години АСНОМ во Скопје 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Современа југословенска уметност во Сараево 1975; Ликовна есен во Сомбор 1976.
Награди:
Откупна награда на изложбата „Охридски мотиви“, Охрид 1961.

## Камил ВЕЈНЕР

Роден 1946 во Тренчин (ЧССР). Завршил Педагошка академија — ликовен смер.
Живее и работи во Скопје: Никола Малешевски бр. 66/II-7
Самостојни изложби:
С. Форино — 1975; Скопје — 1977
Групни изложби:
Учествувал на изложбите на ДЛУМ од 1975, како и на изложбите во Трнава (ЧССР) 1968; во Урошевац и Витина 1977.

## Пецо ВИДИМЧЕ

Роден 1921 во Битола. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1952 год.
Живее и работи во Скопје: ул. Шекспирова бр. 9, влез IV/13
Самостојни изложби:
Битола — 1954, 1958; Белград — 1955; Скопје — 1956, 1976, Куманово — 1976.
Позначајни групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1953, на изложбите на групата ВДИСТ, како и на изложбите: Изложба на ликовната и применетата уметност во Белград 1948; Битолски ликовни уметници во Битола 1950; 15 години на сликарството во НР Македонија во Скопје 1959; Современа македонска уметност во Битола 1962; Современа македонска уметност во Лондон и Братфорд 1964; III триенале во Белград 1967; Современа македонска уметност во Ферара 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; 25 години АСНОМ во Скопје 1969; Изложба на СЛУЈ во Сараево 1975.
Награди:
Ноемвриската награда за сликарство на град Битола 1960

## Томо ВЛАДИМИРСКИ

Роден 1904 во Скопје. Умрел 1971 во Скопје. Завршил Академски курс на Уметничката школа во Белград 1935.
Самостојни изложби:
Прага — 1937; Битола — 1938; Скопје — 1939, 1940, 1961, 1970.
Позначајни групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби пред војната, на сите изложби на ДЛУМ од 1945 — 1971, како и на изложбите: Мартиноски, Цицо, Тодоровски, Костов-

ски, Владимирски во Скопје 1950; Македонски пејзаж во Скопје 1960; Охридски мотиви во Охрид 1961; Македонски портрет на XIX и XX век во Скопје 1962; Скопје низ ликовни дела во Скопје 1962; Современа југословенска уметност во Охрид 1964; Современа македонска уметност во Штип 1964; Современа македонска уметност меѓу двете војни во Скопје 1967; Наше минато во Скопје 1968; 25 години АСНОМ во Скопје 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Нашето историско минато во делата на македонските уметници во Скопје 1971/72; Социјални мотиви во делата на македонските ликовни уметници во Титов Велес и Скопје 1973; НОБ во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1975; Тито и Револуцијата во Скопје 1977 год. и др.
Награди:
Награда на Владата на НР Македонија во Скопје 1947; Октомвриска награда на СРМ за сликарство во Скопје 1961; Октомвриска награда за животно дело во Скопје 1968 год.

### Ангеле ГАВРОВСКИ

Роден 1942 во с. Жилче (тетовско). Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1967 год.
Живее и работи во Скопје: Финска бр. 63 нас. Маџари
Самостојни изложби:
Скопје — 1970.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1968, како и на изложбите: во Ниш и Белград 1968; Поезијата како инспирација во Струга 1970; Струмичка ликовна колонија во Струмица, Штип и Куманово 1971; Македонски авторпортрет во Скопје 1971; I битолско триенале на југословенската графика 1972; ДЛУМ 1973 и СЛУЈ 25 години, во Скопје 1973.
Награди:
Награда од фондот „Моша Пијаде„ на ДЛУМ за графика 1975 год.

### Димитар ГАСПАРОВ

Роден 1938 во Гевгелија. Завршил Академија за ликовна уметност I степен.
Живее и работи во Гевгелија: Рајко Жинзифов бб
Самостојни изложби:
Гевгелија — 1960, 1964, 1966, 1973, 1976; Струмица — 1967; Штип — 1967.
Групни изложби:
Учествувал на изложбите на ДЛУМ, како и на изложбите: II триенале на современата југословенска графика во Битола 1975

### Кирил ГЕГОСКИ

Роден 1944 во Прилеп. Завршил Училиште за применета уметност во Скопје 1964 год.
Живее и работи во Прилеп: ул. Пиринска бр. 25
Самостојни изложби:
Прилеп — 1971; Скопје 1973; Битола 1977.
Групни изложби:
Учествувал на изложбите на прилепските ликовни уметници од 1967 и на изложбите на ДЛУМ од 1969, како и на изложбите: Моето сакано дело во Скопје 1970; Нашето историско минато во Скопје 1972; ДЛУМ-цртеж 75 во Скопје 1975; V Триенале на југословенскиот цртеж во Сомбор 1975; НОБ во делата на југословенските уметници во Белград 1976; изложба Ex tempore во Пиран 1976; Свет во кој живееме во Белград 1977, Современа македонска уметност — млада генерација III во Скопје 1977.
Награда Ex tempore во Пиран 1976 год.

### Петар ГЕОРГИЕВСКИ

Роден 1936 во с. Патишка река (скопско). Завршил Училиште за применета уметност во Скопје 1959.
Живее и работи во Скопје: Бул. Партизански одреди бр. 93/II-13
Самостојни изложби:
Скопје — 1961, 1974; Струмица — 1974.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1966 година, како и на изложбите: Современа македонска уметност во Ферара 1969; НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија во Белград 1971; На изложби во Титоград и Загреб 1975 и 1976.

### Илинка ГЛИГОРОВА — СУЗА

Родена во Кавадарци 1936. Завршила Академија за ликовни уметности во Белград 1964.
Живее и работи во Скопје: Бул. Партизански одреди бр. 80/14
Самостојни изложби:
Штип — 1968 (со А. Темкова); Скопје — 1969 (со Г. Чемерски), 1972; Струмица — 1969.
Групни изложби:
Учествувала на сите изложби на ДЛУМ од 1964 како и на изложбите: Графичка изложба во Загреб 1963; 12 македонски уметници во Скопје 1965; Аспекти на цртежот во Македонија во Скопје и Нови Сад 1967; Струмичка колонија во Струмица 1967, Наше минато во Скопје 1968; Современа македонска уметност во Ферара 1969; Современа македонска уметност во Истанбул и Анкара 1969; Жени ликовни уметници во Скопје 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Поезијата како инспирација во Струга 1970; Изложба на СЛУЈ во Загреб 1970, Седум југословенски сликари во Белград 1971; Млади уметници во Скопје 1972 год.

### Јордан ГРАБУЛ

Роден 1925 во Прилеп. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1952 година.

Живее и работи во Скопје: Отон Жупанчич бр. 15
Самостојни изложби:
Охрид — 1961; Скопје — 1966, 1970
Групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на ДЛУМ од 1952, како и на изложбите: Есенски салон во Париз 1966; Современа македонска скулптура во Скопје 1967; Аспекти на цртежот во Македонија во Скопје 1967; Наше минато во Скопје 1968; Современа македонска уметност во Белград, Сараево и Загреб 1969; Современа македонска уметност во Ферара 1969; IV триенале во Белград 1970; Современа југословенска скулптура во Лондон 1970; Уметноста на почвата на Југославија од праисторијата до денес во Париз и Сараево 1971: Современа југословенска уметност во Сараево 1975, Современа југословенска уметност во Атина 1977 и др.
Автор е на повеќе јавни споменици во Републиката, меѓу кои Споменикот на Илинден и Револуцијата во Крушево 1970 год. и др.
Награди:
Прва награда за споменикот на Никола Карев во Крушево 1953; II награда за споменикот на Илинден и Револуцијата во Крушево 1969; Октомвриска награда на СРМ за скулптура 1970 год.

## Горѓи ДАНЕВСКИ

Роден 1947 во с. Сарамзалино. Завршил Академија за ликовни уметности во Љубљана.
Живее и работи во Виница: ул. Маршал Тито бр. 7
Самостојни изложби:
Љубљана — 1971; Штип — 1973; Скопје — 1974; Белград — 1976; Прокупље — 1976; Струмица — 1976;
Групни изложби:
Учествувал на изложбите на ДЛУМ во Скопје 1973, 1974, 1975, на изложбите во Љубљана 1969 1970, 1972 Современа македонска уметност — млада генерација III во Скопје 1977.
Награди:
Прешернова награда 1970; Награда на Студентски форум за самостојната изложба во Љубљана 1971.

## Максим ДИМАНОВСКИ

Роден 1937 во Титов Велес. Завршил Училиште за применета уметност во Скопје 1961 год.
Живее и работи во Скопје: Карпош III, зграда A-III, вл. I/6
Групни изложби:
Учествувал на изложбите на ДЛУМ од 1961, како и на изложбите: Скопски ликовни уметници во Суботица 1963; Македонски ликовни уметници во Словењ Градец 1964; Изложба на парковска скулптура во Скопје 1966; Современа македонска скулптура во Скопје 1967; Моето сакано дело во Скопје 1970; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971/72; Изложба во Његошевиот музеј во Цетиње 1972; 10 години Струмичка колонија 1973; Меѓународна недела на уметноста во Скопје 1973.
Награди:
I награа за плакета на градот Скопје 1963; II награда за плакета на Охридско лето 1963; I награда за медал на меѓународниот саем на тутун во Скопје 1964; II награда за амблем на МНТ во Скопје 1965; Откупна награда за плакета на АСНОМ во Скопје 1969; I награда за плакета на АВНОЈ (со Димо Тодоровски) во Белград 1973; II награда за споменик на Наум Наумовски-Борче во Скопје 1974; Откупна награда за споменик од НОБ во Струга 1974; I награда за амблем на градот Прилеп 1975; III награда за спомен-фонтана во Скопје 1975 год.

## Трајче ДИМЧЕВСКИ

Роден 1950 во Скопје. Завршил Училиште за применета уметност (отсек за графика) во Скопје.
Живее и работи во Скопје: ул. 50 дивизија бр. 33.
Групни изложби:
Учествувал на изложбите на ДЛУМ од 1973, како и на изложбите: Југословенска изложба на графика во Загреб 1974; Југословенски сликари за спомен-парк во Краљево 1974; Ликовна средба во Суботица 1975.
Награди:
Награда за графика на Ликовна средба во Суботица 1975; Награда „Моша Пијаде“ на графичката изложба на ДЛУМ во Скопје 1976 год.

## Мирко ДОНЧЕВСКИ

Роден во с. Владимирово (беровско). Завршил Филозофски факултет — група историја на уметноста во Скопје 1965 год.
Живее и работи во Штип: ул. Коле Неделковски бр. 17.
Самостојни изложби:
Штип — 1970, 1975; Струмица — 1971; Скопје — 1975; Куманово — 1975; Кочани — 1976.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУШ од 1968, како и на изложбите на ДЛУМ од 1973; Жената како инспирација во Скопје 1974.

## Петар ДРАКУЛОВСКИ

Роден 1937 во с. Лазарополе. Завршил Виша педагошка академија во Скопје 1962 год.
Живее и работи во Скопје: Бул. Партизански одреди 101/II-14.
Самостојни изложби:
Билеќе — 1962; Скопје — 1966, 1967, 1971.
Групни изложби:
Подвижна изложба по јужна Србија — со членовите на ДЛУК 1969/70; во Куманово 1970; на изложбите на ДЛУМ во Скопје 1972; 1974 и 1976.

## Ванчо ГОРГИЕВ

Роден 1924 во Скопје. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1952 год.

Живее и работи во Скопје: ул. Капиштец бр. 22 Д. Водно.
Самостојни изложби:
Скопје — 1958, 1966 (со Б. Митриќески), 1970, 1972; Нови Сад — 1966 (со Б. Митриќески).
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ и групата „Мугри", и на изложбите: II изложба на југословенската уметност во Љубљана 1955; VII младински фестивал во Виена 1959; I, II, III триенале во Белград 1961, 1964, 1967; Македонска современа уметност во Дижон 1962; Ѓорѓиев, Куновски, Мазев, Митриќески во Белград 1962; Современа македонска уметност во Братфорд и Лондон 1964; Современа македонска уметност во Скопје 1965; Плави салон во Задар 1966; Есенски салон во Париз 1967; Македонска современа уметност во Ферара 1969; Југословенска графика во Чиле 1969; Ангажирана уметност во Југославија 1919 — 1969 во Словењ Градец 1969; Современа македонска уметност во Белград, Загреб и Сараево 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Современа југословенска уметност во Сараево 1975; Ликовна есен во Сомбор 1976 и др.
Награди:
Октомвриска награда на СРМ за сликарство 1966; Сребрена плакета на Сојузот на ликовните уметници на Југославија; Награда на ДЛУМ „Нерешки мајстори"; Откупна награда на Ликовна есен во Сомбор 1976.

## Кирил ЕФРЕМОВ

Роден 1938 во Штип. Завршил I степен на Академијата за ликовни уметности во Белград.
Живее и работи во Штип: Вера Циривири бр. 29/I.
Самостојни изложби:
Штип 1960 (со Д. Биков), 1971; Скопје — 1966, 1969, 1972; Струмица — 1967; Куманово 1969.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на штипските ликовни уметници во Битола, Куманово и Штип од 1966, на сите изложби на ДЛУМ од 1966, како и на изложбите: Современо македонско сликарство — млада генерација во Скопје и Нови Сад 1967; Југословенски симпозиум на сликарските колонии во Суботица — Палиќ 1967; 25 години АСНОМ во Скопје 1969; Ангажирана уметност во Југославија 1919 — 1969 во Словењ Градец; Современа македонска уметност во Ферара 1969; Современа македонска уметност во Истанбул и Анкара 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Дела од Струмичката ликовна колонија во Охрид и Приштина 1970; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971; НОВ во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1975.
Награди:
Награда за сликарство „8 ноември", Штип 1965; Награда за сликарство од КПЗ — Штип 1968.

## Катја ЕВТИМОВА

Родена 1910 во Пазарчик (НР Бугарија). Завршила Художествена академија во Софија 1932 год.
Живее и работи во Скопје: ул. Р. Жинзифов бр 52.
Самостојни изложби:
Битола — 1945, Тетово, Гостивар — 1954, Скопје — 1958, 1965, 1973.
Групни изложби:
Учествувала на сите изложби на ДЛУМ од 1946, како и на изложбите: во Струмица 1952; Жени уметници од СРМ во Скопје 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Цвеќе, во Скопје 1972; Жени уметници во Скопје 1977; Изложба по повод јубилејната година на жената во Тетово 1975.
Награди:
I награда од фондот на „Ана Бешевлиева" Софија 1933.

## Александар ИВАНОВСКИ — КАРАДАРЕ

Роден 1943 во Прилеп. аЗвршил Академија за ликовни уметности во Љубљана 1968.
Живее и работи во Скопје: Бул. Партизански одреди 111, блок IV, вл. I/9.
Самостојни изложби:
Скопје, Битола и Охрид — 1973 (со. Ѓ. Матевски и Р. Мијаковски).
Групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на ДЛУМ од 1968, како и на изложбите: Моето сакано дело во Скопје 1970; Тенденции во македонската скулптура во Скопје 1972; Современи македонски уметници — млада генерација II во Скопје 1972; 12 современи македонски уметници во Нови Сад 1974; I и II југословенско биенале на мала пластика во Мурска Собота 1973 и 1975; Македонски млади уметници во Белград 1975/76; Интернационално студио за пластика во дрво во Прилеп 1976, македонска уметност во Загреб 1976.
Награди:
Награда за споменик на НОБ во Скопје 1969, II награда за споменик на Гоце Делчев во Струмица 1972, II награда за споменик од НОБ во Струга 1974.

## Ангеле ИВАНОВСКИ

Роден 1913 во Прилеп. Завршил шестомесечен курс во Уметничката школа во Скопје 1945/46.
Живее и работи во Скопје: Његошева бр. 30 нас. Тафталице II.
Самостојни изложби:
Прилеп — 1942; Скопје 1942, 1961.
Групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на ДЛУМ од 1951, како и на изложбите: Наше минато во Скопје 1968; 25 години АСНОМ во Скопје 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Скопје низ ликовни дела во Скопје 1969; Старата скопска чаршија во Скопје 1970; Изложба по повод прославата на 100 годишнината на Тутуновиот комубинат во Прилеп 1973; Југословенската уметност во НОВ 1941 — 1945 во Белград, Нови Сад, Сараево, Загреб, Скопје 1975.
Награди:
Орден заслуги за народ.

## Методија ИВАНОВСКИ — МЕНДЕ

Роден 1929 во Битола. Завршил ВПШ — сликарски отсек во Скопје.
Живее и работи во Скопје: ул. Булевар Партизански одреди бр. 97/27.
Самостојни изложби:
Битола — 1952, 1954, 1958, 1962; Ресен — 1955; Прилеп — 1955; Загреб — 1956; Белград 1958; Струмица — 1960; Скопје — 1967, 1972.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1952, на изложбите на групата ВДИСТ од 1958 — 1974, како и на изложбите: Современа македонска графика во Белград 1957; 15 години на ликовната уметност на СРМ во Скопје 1959; Современа македонска уметност во Битола 1962; 25 години АСНОМ во Скопје 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Салон DE — 70 во Париз 1970; НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија во Белград 1971; Современа македонска уметност во Титоград 1975; Современа македонска уметност во Загреб 1976, Меѓународно анале во Пореч 1977.
Награди:
Ноемвриска награда на град Битола 1961; Награда за најдобра сценографија на театарските игри „Војдан Чернодрински“ 1971; Ноемвриска награда за сликарство на град Скопје 1972.

## Славољуб ИГЊАТОВИК

Роден 1945 во Светозарево. Завршил Виша педагошка академија во Скопје.
Живее и работи во Скопје: „Вардар филм“ ул. 8 март бр. 2а.
Групни изложби:
Излагал на повеќе изложби со ДЛУМ во Скопје и други места во земјата, на сите изложби на Светската галерија на карикатурата во Скопје од 1968 — 1976 кко и на повеќе изложби на карикаурата во земјата.

## Жарко ЈАКИМОВСКИ

Роден 1948 во Скопје. Завршил Академија за ликовни уметности во Љубљана 1974 год.
Живее и работи во Скопје: Сречко Пужалка бр. 106 нас. Маџари II.
Самостојни изложби:
Скопје 1976 (со С. Филовски, В. Ташовски).
Групни изложби:
Учествувал на изложбите на ДЛУМ од 1974 како и на изложбата: V загрепска изложба на југословенскиот цртеж во Загреб 1975 год.

## Александар ЈАНКУЛОСКИ — ЦАНЕ

Роден 1937 во Прилеп. Завршил Средно уметничко училиште во Скопје.
Живее и работи во Скопје: Булевар Партизански одреди 93/III-14.
Самостојни изложби:
Имал самостојни изложби во Скопје, Битола, Холандија и др.
Групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на ДЛУМ, како и на изложби организирани во Скопје, Белград, Загреб, Сараево, Ниш, Словењ Градец, Италија, Романија и др.
Награди:
Награда на Струмичката ликовна колонија за делото „На Македонија“.

## Трајче ЈАНЧЕВСКИ

Роден 1928 во Куманово. Завршил Академија за применета уметност во Белград 1954 год.
Живее и работи во Скопје: Булевар Партизански одреди — 93/Б-1.
Самостојни изложби:
Куманово — 1957, 1968, 1972; Скопје — 1963, 1968, 1971, 1975; Струмица — 1972.
Позначајни групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1963, како и на изложбите: Современа македонска уметност во Скопје 1965; Еминентни сликари од светот во Бомбај, Калкута, Њу Делхи и други културни центри во Индија 1966/67; Македонска современа уметност во Анкара и Истанбул 1969; Македонска современа уметност во Ферара 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Изложба на СЛУЈ во Загреб 1970; VII и VIII Струмичка ликовна колонија 1970 и 1971; Современа македонска уметност во Романија 1972; IX медитеранско биенале во Александрија 1972; Современи југословенски сликари во Женева 1972; Современа македонска уметност во Загреб 1976; Интернационално анале во Пореч 1977.
Награди:
Награда за сликарство во Њу Делхи 1966; Награда за најдобро дело на годината на ДЛУК во Куманово 1968; Ноемвриска награда на град Скопје 1969.

## Ристо КАЛЧЕВСКИ

Роден 1933 во Прилеп. Завршил Академија за ликовни уметности во Љубљана 1957 год.
Живие и работи во Скопје: ул. Пржино бр. 20.
Самостојни изложби:
Скопје — 1961 (со Д. Аврамовски), 1965 (со Т. Шијак), 1968.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1958, на изложбите на групата „Мугри“ ,како и на изложбите: Биенале на младите во Риека 1962; Изложба на четири македонски уметници (Белогаски, Личеноски, Калчевски и Хаџи Бошков) во Белград 1963; Уметноста во Македонија денес во Рим 1965; Современа македонски уметност во Торино 1966; Шест југословенски уметници во Нирнберг, Штутгарт, З. Берлин 1966; III, IV триенале во Белград 1967, 1970; Современа македонска уметност во Анкара и Истанбул, 1969; Сликарство и графика на младите македонски уметници во Белград и Тунис 1969; Современа македонска уметност во Белград, Сараево и Загреб 1969; 10 македонски сликари во Ним и Шел 1970; Уметноста на почвата на Југо-

славија од праисторијата до денес во Париз и Сараево 1971; Современа југословенска уметност во Атина 1977; Современа македонска уметност во Париз 1977 год.
Награди:
Откупна награда на фондот „Моша Пијаде“ на Биеналето на младите, Риека 1962, Октомвриска награда на СРМ за сликарство 1969.

## Кирил КАРАЦА

Роден 1900 во Ново село (штипско). Умрел 1973 во Куманово.
Завршил Академија за ликовни уметности во Загреб 1929.
Самостојни изложби:
Куманово — 8 самостојни изложби во 1959, 1969, 1974 (комеморативна).
Групни изложби:
Како основач на ДЛУК учествувал на сите негови изложби, како и на повеќе изложби на ДЛУМ во земјата од 1945, и на изложбите: 15 години ликовно творештво во НР Македонија во Скопје 1959; изложба со дела од колекцијата на Уметничката галерија во Скопје 1970; Македонски автопортрет во Скопје 1971; изложба на дела од колекцијата на Уметничката галерија од Куманово во Скопје 1973 и др.
Награди:
Ноемвриска награда за сликарство на градот Куманово, Орден на трудот од II степен.

## Адем КАСТРАТИ

Роден 1932 во с. Карачево. Завршил Педагошка академија — ликовен смер во Скопје.
Живее и работи во Скопје: Топаанско поле 37/2.
Самостојни изложби:
Скопје — 1961, 1973; Урошевац — 1961; Приштина — 1962, 1974; Дубровник — 1968, 1971, 1972, 1973, 1977; Опатија — 1970; Белград — 1971; Цавтат — 1974; Гнилане — 1975.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1968, на изложбите на Клубот на ликовните уметници на Косово од 1958 до 1964, како и на изложбите: во Белград, Љубљана 1963; Втора ликовна средба во Палиќ — Суботица 1963; Скопје 65, 1965; во Краљево 1974; Улцињ 1974; во Белград, Загреб и Љубљана 1976.

## Димитар КОНДОВСКИ

Роден 1927 во Прилеп. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1952.
Живее и работи во Скопје: ул. Ганчо Хаџи Панзов бр. 18.
Самостојни изложби:
Скопје — 1957, 1963; Загреб — 1957; Рим — 1962; Зрењанин — 1963; Нови Сад — 1970.
Позначајни групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на СЛУЈ и ДЛУМ, на изложбите на групата Мугри, како и на изложбите: Современо македонско сликарство во Белград и Титоград 1959; 15 години ликовно творештво во Македонија во Скопје 1959; Современо југословенско сликарство и скулптури — млада генерација во Белград 1961; I, II и IV југословенско триенале во Белград 1961, 1964, 1970; Меморијал на Надежда Петровиќ во Чачак 1964; НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија во Белград 1968; Современа македонска уметност во Белград, Сараево и Загреб 1969; Сомборска ликовна есен 1973; IV есенски салон во Бања Лука 1973; Тито и Револуцијата во делата на македонските уметници во Скопје 1977 и др., како и на изложбите во странство: Медитеранско биенале во Александрија 1963; Современа македонска уметност во Лондон, Братфорд, Сопот, Вајонт и Рим 1964; Уметноста во Македонија денес во Рим 1965; Современа македонска уметност во Торино 1966; Сликарство и скулптура во Македонија во Нирнберг, Штутгарт, Зап. Берлин 1966; Есенски салон во Париз 1966; IX биенале во Сао Паоло 1967; Современа југословенска уметност во Уругвај и Чиле 1968; 10 македонски сликари во Ним и Шел 1970; Уметноста на почвата на Југославија од предисторијата до денес во Париз и Сараево 1971; НОБ во делата на југословенските уметници во Улан Батор и Пекинг 1973; Современа југословенска уметност во Будимпешта 1973; Современа југословенска уметност во Леверкусен 1974; Современо југословенско сликарство и скулптура во Хелсинки и Осло 1974; Современо македонско сликарство во Париз 1977.
Награди:
Награди за сликарство на Биеналето во Александрија 1963; награда на II југословенско триенале во Белград 1964; Октомвриска награда на СРМ за сликарство во Скопје 1969; Ноемвриска награда за сликарство на град Скопје 1971.

## Миле КОРУБИН

Роден 1922 во Прилеп. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1951 год.
Живее и работи во Скопје: Софиска бр. 7 нас. Тафталиџе.
Самостојни изложби:
Дижон — 1964; Скопје — 1965, 1970, 1974; Белград — 1967.
Позначајни групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1951, како и на изложбите: Македонски пејзаж во Скопје 1960; Современо македонско сликарство во Дижон (Франција) 1961; Охридски мотиви во Охрид 1961; Македонски портрет во XIX и XX век во Скопје 1962; Сликарство, скулптура и графика на странски стипендисти на Француската влада во Париз 1963; Наше минато во Скопје 1968; 25 години АСНОМ во Скопје 1969; Современа македонска уметност во Ферара 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970.
Монументални дела:
Мозаик „Три сестри“ во хидроцентралата Тиквеш 1969; ѕидна слика во Планинскиот дом на ПТТ на Водно 1970; „Визија“, ѕидна слика во комбинирана техника во мотелот на Попова Шапка; „Снегулки“, мозаик, „Селска идила“, витраж.

Награди:
Награда на ДЛУМ „Нерешки мајстори" во Скопје 1967.

### Рубенс КОРУБИН

Роден 1949 во Прилеп. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1974.
Живее и работи во Скопје: ул. Софиска бр. 7 нас. Тафталиџе.
Групни изложби:
Учествувал на изложбите на ДЛУМ од 1975, како и на изложбите: Југословенска авторска агенција во Белград 1974; Млади македонски уметници во Костањевица на Крка 1975; Перспективи III во Белград и Ниш 1975; Октомвриски салон во Белград 1975 и 1976; Триенале на југословенски цртеж во Сомбор 1975; Неоромантизам како уметност на неспокојот во Нови Сад 1975, Ликовна есен во Сомбор 1977; Современа македонска уметност — млада генерација III, Скопје 1977.

### Васил КОСТОВ

Роден 1939 во с. Ронци (Егејска Македонија). Завршил училиште за применета уметност во Скопје 1960 год.
Живее и работи во Прилеп: ул. Боца Ивановска бр. 7.
Самостојни изложби:
Прилеп — 1965; Битола — 1977 (со К. Гегоски).
Групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на ДЛУМ од 1966, на сите групни изложби во Прилеп од 1965; Збратимени уметници во Куманово 1974; Жената како инспирација во Прилеп 1975; Изложба на Салонот 13 Ноември во Цетиње 1975; Изложба Ex tempore во Пиран 1976.
Награди:
Награда на конкурсот на млади уметници во Скопје 1958; Награда за сценографија на театарските игри Војдан Чернодрински во Прилеп 1968, 1970.

### Бранко КОСТОВСКИ

Роден 1924 во Скопје. Средна уметничка школа во Скопје.
Живее и работи во Скопје: ул. Орце Николов бр. 90/IV.
Самостојни изложби:
Скопје — 1965, 1968; Загреб, Белград — 1959, 1961.
Групни изложби:
Учествувал на скоро сите изложби на ДЛУМ од 1949, како и на изложбите: Скопје низ ликовни дела во Скопје 1962; 15 години ликовно творештво во Македонија во Скопје 1959; Современа југословенска уметност во Охрид 1962; Скопје низ ликовни дела во Скопје 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; на I, II и III квадриенале за театарска сценографија во Прага; Активно се занимава со театарска сценографија, изведувал сценографии на оперски и балетски дела во Италија, З. Германија и Романија, изложувал сценографски проекти на светската изложба на сценографија и архитектура во Прага.
Награди:
Ноемвриска награда на град Скопје за сценографијата на драмската претстава „Случајот во Виши" од А. Милер 1967 год.; Октомвриска награда на СРМ за сценографија 1971; Сојузна награда за сценографија на Меѓународното триенале во Нови Сад 1972; Награда за сценографијата на Стериинното позорје во Нови Сад 1974.

### Димче КОЦО

Роден 1910 во Охрид. Завршил Филозофски факултет — група историја на уметноста во Белград 1936 год.
Живее и работи во Скопје: 11 Октомври бр. 64.
Самостојни изложби:
Охрид — 1938; Скопје — 1957, 1959, 1968/69, 1972/73; Белград — 1973.
Позначајни групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на ДЛУМ од 1945, како и на изложбите: Изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија во Белград 1953; Изложба на ликовните уметници на Македонија во Загреб 1957; 15 години ликовно творештво во НР Македонија, Скопје, 1959; Современа македонска уметност во Нови Сад 1960; Ликовна и применета уметност во Македонија во Дижон 1962; Македонскиот портрет XIX и XX век во Скопје 1962; Скопје низ ликовни дела во Скопје 1962; Современа југословенска уметност во Охрид и Штип 1964; Современа македонски скулптура во Скопје 1967; Аспекти на цртежот во Македонија во Скопје 1967; Изложба на македонските уметници во Ферара 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971/72; Изложба на ликовни дела на тема НОБ во Кичево 1973; Современа југословенска уметност во Атина 1977 год.
Награди:
Награда за наука на Владата на НР Макдонија 1949; Октомвриска награда на СРМ за наука 1960; Награда „Нерешки маістори" за таписерија на есенската изложба на ДЛУМ 1969.

### Димитар КОЧЕВСКИ — МИЧО

Роден 1943 во с. Св. Петка. Завршил Академија за применета уметност во Белград 1968 год.
Живее и работи во Битола: ул. Пецо Божиновски бр. 46/II-7.
Самостојни изложби:
Битола — 1971, 1973 (со И. Кочевски), 1974, 1975.
Групни изложби:
Излагал на сите традиционални ноември изложби во Битола од 1967, на сите изложби на ДЛУМ од 1973, како и на изложбите: Југословенските сликари за спомен парк — Краљево во Краљево 1974; Жената како инспирација на уметникот во Скопје 1974; II триенале на современата југословенска графика во Битола 1975; НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија во Белград 1976; Со-

времена македонска уметност — млада генерација III во Скопје 1977.
Награди:
Откупна награда на НУБ „Климент Охридски" на изложбата ДЛУМ — цртеж 75 во Скопје 1975.

### Вангел КОЦОМАН

Роден 1905 во Струга. Завршил Академски курс на Уметничката школа во Белград 1930 год.
Живее и работи во Скопје: Раде Кончар бр. 5.
Самостојни изложби:
Скопје — 1938, 1958 (јубилејна), 1962, 1976 (ретроспективна); Струга — 1961, 1962, 1974; Торонто — 1975.
Позначајни групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1945, како и на изложбите: Есенска и пролетна изложба на сликарски и скулпторски дела на југословенските уметници во Белград од 1929 — 1939; Половина век на југословенското сликарство во Загреб 1953; 15 години ликовно творештво во Македонија во Скопје 1959; Македонски пејзаж во Скопје 1960; Скопје низ ликовни дела во Скопје 1962; Македонски портрет на XIX и XX век во Скопје 1962; Современа македонска уметност меѓу двете војни во Скопје 1967; Македонски акварел во Скопје 1967; Наше минато во Скопје 1968; 25 години АСНОМ во Скопје 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971/72; Социјални мотиви во делата на македонските ликовни уметници во Титов Велес и Скопје 1973; Револуционерното минато во македонската уметност во Скопје 1974; Свремено македонско сликарство во Осијек 1975, Југословенски уметници — академци во Берлин 1977 и др.
Награди:
Орден на трудот од III ред 1955; Орден на трудот од I ред (за јубилејната изложба во Скопје) 1958; I награда на изложбата „Охридски мотиви" во Охрид 1961; Октомвриска награда на СРМ за животно дело во Скопје 1969; Сребрена плакета на СЛУЈ во Белград 1973; Осмоноемвриска награда на општината на град Струга во Струга 1975 и др.

### Милош КОЦОМАН

Роден 1952 во Скопје. Завршил Училиште за применета уметност и Педагошка академија — ликовна група во Скопје.
Живее и работи во Скопје: ул. Раде Кончар бр. 5.
Самостојни изложби:
Скопје — 1973, 1975.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1975 година, како и на изложбата Современа македонска уметност — млада генерација III во Скопје 1977.

### Томислав КРМОВ

Роден 1938 во Штип. Завршил Академија за применета уметност во Белград 1967 год.
Живее и работи во Штип: ул. Димитар Влахов бр. 17.
Самостојни изложби:
Скопје — 1971, 1975; Белград — 1971, 1974; Штип — 1971, 1973; Куманово — 1971; Марибор — 1972.
Позначајни групни изложби:
Учествувал на сите изложби на Друштвото на ликовните уметници на Штип, на сите изложби на ДЛУМ од 1968, како и на изложбите: Графика на Белградскиот круг во Белград од 1967; X, XII, XIII, XIV, XV, XVI изложба на југословенска илустрација Златно перо на Белград; Моето сакано дело во Скопје 1970; Поезијата како инспирација во Струга 1970; Југословенска графика во Чиле 1970; Југословенска графика во Кил 1970; VI изложба на југословенска графика во Загреб 1970; Ликовна средба на графика во Суботица 1970; НОБ во делата на југословенските ликовни уметници 1971; VII југословенска изложба на графика во Загреб 1972; Млада македонска уметност во Белград 1972; Млада југословенска графика во Белград 1972; Современа македонска уметност во Романија 1972; 10 македонски графичари во Белград 1974; V триенале на југословенскиот современ цртеж во Сомбор 1975; II триенале на современата југословенска графика во Битола 1975; Современа југословенска графика во Суботица 1975; Биенале на графика во Мишколц (Унгарија) 1976.
Награди:
Универзитетска награда за графика во Белград 1967; I награда за графика на II графичка изложба на ДЛУМ 1970; Награда од фондот на Моша Пијаде во Белград, Награда 8 ноември на градот Штип 1971.

### Боро КРСТЕВСКИ

Роден 1931 во Скопје. Завршил Училиште за применета уметност во Загреб 1952 и Виша педагошка академија во Скопје.
Живее и работи во Скопје: Љубљанска бр. 1, вл. II ст. 4.
Самостојни изложби:
Скопје 1960, 1961, 1962, 1969, 1971; Белград, Загреб, Сараево — 1961; Мантова (Италија) — 1965.
Групни изложби:
Учествувал на изложбите на ДЛУМ од 1953, како и на изложбите: Современа македонска скулптура во Скопје 1967; Наше минато во Скопје 1968; Ангажирана уметност во Југославија во Словењ Градец 1969; 25 години АСНОМ во Скопје 1969; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971/72; Ликовни дела на тема НОБ во Кичево и Скопје 1973; Тито и Револуцијата во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1977.

### Ѓорѓи КРСТЕВСКИ

Роден 1923 во Битола. Завршил Академија за применета уметност во Загрег 1955 год.
Живее и работи во Скопје: ул. Салвадор Аљенде бр. 25
Самостојни изложби:

Тетово — 1958; Титов Велес — 1958; Битола — 1958; Скопје 1959, 1961, 1962, 1963, 1968, 1971; Приједор — 1967, Приштина — 1967; Битола, Струмица, Штип — 1971; Белград — 1972.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1955, како и на изложбите: Нашето историско минато во Скопје 1968; 25 години АСНОМ во Скопје 1969; Современа македонска уметност во Ферара 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Нашето историско минато во делата на ликовните уметници на Македонија во Скопје 1971/72.

## Спасе КУНОВСКИ

Роден 1929 во Дебар. Завршил Академија за ликовни уметности во Загреб 1953 год.
Живее и работи во Скопје: Мексичка бр. 6
Самостојни изложби:
Скопје — 1956, 1960, 1967, 1971; Загреб — 1957, 1975 (со Б. Митриќески); Ниш — 1969; Белград — 1970.
Позначајни групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1954, на изложбите на групата „Мугри" како и на изложбите: Изложба на СЛУЈ во Љубљана 1954; 15 години ликовно творештво во Македонија во Скопје 1959; Современа југословенска уметност во Прага, Брно, Братислава и Будимпешта 1959; I. II. III триенале на ликовните уметности во Белград 1961, 1964, 1967; Ликовни уметници од Скопје во Белград 1962; Современа македонска уметност во Дижон 1962; Изложба на колекцијата на Алберт Билднер во Сао Паоло 1963; Изложба на современата македонска уметност во Лондон и Братфорд 1964; Современа Југословенска уметност во Охрид 1964; Уметноста во Македонија денес во Рим 1965; Современа македонска уметност во Торино 1966; IV и V Меморијал на Надежда Петровиќ во Чачак 1966 и 1968; Медитеранско биенале во Александрија 1967 и 1968; Современа македонска уметност во Белград, Сараево и Загреб 1969; Југословенски сликари и скулптори во Париз 1969; Современа македонска уметност во Истанбул и Анкара 1969; Југословенски сликари и скулптори во Брисел 1970; 10 македонски сликари во Ним и Шел 1970; Современа македонска уметност во Романија 1972; 16 современи македонски сликари во Рим 1973; Современа југословенска уметност во Ковентри и Единбург 1973; Ликовна есен во Сомбор 1973; Ликовна изложба на тема НОБ во Пекинг, Улан Батор 1973; НОБ во делата на југословенските ликовни уметници во Хавана 1974; Современа југословенска уметност во Леверкусен 1974; Југословенска уметност на НОБ во Лондон 1974; Современа југословенска уметност во Хелсинки, Осло 1974; Современа југословенска уметност во Мексико Сити 1975; НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија во Алжир 1975; Меѓународен фестивал на сликарство во Кан сир Мер 1975; Современа југословенска уметност во Атина 1977 год., Современо македонско сликарство во Париз 1977.
Награди:
Октомвриска награда на СРМ за сликарство 1961; Орден за заслуги на народ со сребрен венец 1965; Награда на Културно-просветната заедница на СРМ за најдобро ликовно обликување на книга 1970; II награда за сликарство на изложбата Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници 1971; Награда 4 јули 1973; Откупна награда на Собранието на градот Сараево на VI изложба на СЛУЈ во Сараево 1975; Награда на МАНУ 1976

## ПАВЛЕ КУЗМАНОВСКИ

Роден 1939 во Тетово. Завршил Академија за применета уметност во Белград 1966 год.
Живее и работи во Тетово: ул. Цветан Димов бр. 14
Самостојни изложби:
Тетово — 1967, 1971, 1975, 1977; Скопје — 1968; Нови Сад — 1977.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1973; Жената како инспирација во Скопје 1975; Графичка изложба во Скопје, Прилеп и Битола 1975.
Награди:
Награда 8 Ноември на градот Тетово 1969.

## Борко ЛАЗЕСКИ

Роден 1917 во Прилеп. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград и Софија.
Живее и работи во Скопје: ул. Отон Жупанчич бр. 15
Самостојни изложби:
Белград — 1962, 1966, 1967
Позначајни групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на ДЛУМ од 1945 како и на изложбите: со група шпански сликари во Париз 1948; Изложба во универзитетот „Вера Крузано" во Мексико 1959; Изложба во Националниот музеј на современата уметност во Мексико Сити 1959; Современа југословенска уметност во Белград 1962; VI VII, VIII, IX изложба на современи уметници во Белград, 1963, 1964, 1965, 1966; Аспекти на цртежот во Македонија во Скопје 1967; Наше минато во Скопје 1968; Надреализам и социјална уметност во Белград 1969; Современа македонска уметност во Ферара 1969; Ангажирана уметност во Југославија во Словењ Градец 1969; Изложба на ликовни дела со тема НОБ во Кичево 1973; НОБ во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1975; Југословенска уметност во НОВ 1941—1945 во Белград, Нови Сад, Сараево, Загреб, Скопје 1975.
Монументални дела:
Фреска „Мечкин камен" во Домот на ЈНА во Скопје 1950; Мозаик „На стража" во Домот на ЈНА во Скопје 1953; Мозаик „1903—1943" во с. Сливово (охридско) 1954; Фреска „НОБ во Македонија" во Ж. станица во Скопје 1952—1956; Фреска „Илинден" на Бриони 1968; Фреска „Самоил" во „Вардар филм" во Скопје 1969.
Награди:
Орден на трудот 1953; Медал од министерството за култура на Република Ирак за организација на Академијата за ликовни уметности во Багдад 1964; Сојузна награда „4 јули" за фреската „НОВ во Македонија" 1970.

## Илија ЛАФАЗАНОВСКИ

Роден 1939 во с. В'мбел (костурско). Завршил Академија за ликовни уметности во Клуж (Романија) 1967.
Живее и работи во Скопје: Топаанско поле згр. 32/II-11,
Самостојни изложби:
Брашов (Романија) — 1968, 1970; Скопје — 1972, 1977.
Групни изложби:
Учествувал на изложби на ДЛУМ од 1972, како и на изложбите: Изложба на романски ликовни уметници во Брашов 1968; Биенале на младите во Букурешт 1969; На изложба во СР Германија 1969; Изложба на романски ликовни уметници во Брашов 1969; Биенале на младите во Букурешт 1971; Изложба на романски ликовни уметници во Брашов 1971; Струмичка ликовна колонија 1972; 100 години на Тутунскиот комбинат во Прилеп 1973; Изложба на југословенски портрет во Тузла 1975.
Награди:
Откупна награда за спомен фонтаната во Скопје.

## Лазар ЛИЧЕНОСКИ

Роден 1901 во Галичник. Умрел 1964 во Скопје. Завршил Академски курс на Уметничката школа во Белград 1927 год.
Самостојни изложби:
Белград — 1929, 1933, 1935, 1939, 1955, 1965; Скопје — 1927, 1929, 1933, 1935, 1954, 1959, 1968; Загреб — 1931, 1933; Охрид — 1960.
Поважни групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби пред војната со групата Облик, на сите изложби на ДЛУМ од 1945 — 1964; како и на изложбите: Изложба на Југословенска уметност во Лондон, Ливерпул, Манчестер 1930; Југословенска изложба во Солун 1933; Изложба на Југословенска уметност во Рим 1937; Половина век на југословенското сликарство во Белград, Загреб, Љубљана, Сараево, Цетиње 1953; Современа југословенска уметност во Дубровник 1957; Македонски пејзаж во Скопје 1960; Охридски мотиви во Охрид 1961; Македонски портрет на XIX и XX век во Скопје 1962; Хаџи Бошков, Белогаски, Калчевски, Личеноски во Белград 1963; I и II триенале во Белград; Современа македонска уметност меѓу двете војни во Скопје 1967; Аспекти на цртежот во Македонија во Скопје 1967; III-та деценија — конструктивистичко сликарство во Белград 1967/68; Современа македонска уметност во Белград, Сараево, Загреб 1969; Ангажирана уметност во Југославија во Словењ Градец 1969; Надреализам и социјална уметност во Белград 1969; Уметноста на почвата на Југославија од праисторијата до денес во Париз и Сараево 1970; Нашето историско минато во делата на македонските уметници во Скопје 1971/72; Социјални мотиви во делата на македонските ликовни уметници во Титов Велес и Скопје 1973; НОБ во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1975; Тито и Револуцијата во Скопје 1977 и др.
Награди:
Октомвриска награда на СРМ за сликарство во Скопје 1959.

## Ристо ЛОЗАНОСКИ

Роден 1923 во Прилеп. Умрел 1964 во Скопје. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград.
Самостојни изложби:
Скопје — 1957, 1958, 1960, 1965, 1969; Прилеп — 1970
Групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на ДЛУМ и групата Мугри, како и на изложбите: 15 години ликовно творештво во Македонија во Скопје 1959; Македонски пејзаж во Скопје 1960; Македонски портрет на XIX и XX век во Скопје 1962; Современа македонска уметност во Штип 1964; Современа македонска уметност I во Охрид 1964; Аспекти на цртежот во Македонија во Скопје 1967; Ангажирана уметност во Југославија во Словењ Градец 1967; Сликарство во уметничките колонии на Југославија во Суботица 1969; Дела на македонски уметници од колекцијата на МСУ во Скопје 1971; Нашето историско минато во делата на македонските уметници во Скопје 1971/72; Изложба на ликовни дела на тема НОБ во Кичево и Скопје 1973; НОБ во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1975; Југословенската уметност во НОБ 1941 — 1945 во Белград, Сараево, Нови Сад, Загреб, Скопје 1975/76 и др.

## Танас ЛУЛОВСКИ — ТАНЕ

Роден 1940 во с. Желево (Егејска Македонија). Завршил Академија за ликовни уметности во Букурешт 1967 год.
Живее и работи во Скопје: Бул. Партизански одреди бр. 115/III-10
Самостојни изложби:
Букурешт — 1967; Скопје — 1970; 1973; Белград — 1974, 1977; Дубровник — 1977.
Позначајни групни изложби:
Сиќево 69 во Ниш 1969; Совремна македонска уметност во Ферара 1969; Струмичка ликовна колонија 1970; VIII конгрес на СЛУЈ 1970; Наше историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971; Современа македонска уметност — млада генерација II во Скопје 1971; XII анале во Пореч 1972; Современа македонска уметност во Романија 1972; VII интернационални сликарски недели во Грац 1972; 16 современи македонски сликари во Рим 1973; Современо југословенско сликарство во Ковентри 1973; XIV ликовна есен во Сомбор 1974; Меморијал на Надежда Петровиќ во Чачак 1974; Движења во современата југословенска уметност во Дубровник 1974; Современ македонски цртеж во Скопје 1975; VI изложба на СЛУЈ во Сараево 1975; Современа југословенска уметност во Единбург 1975; Македонски млади уметници во Белград 1975; V меѓународна изложба на оригинален цртеж во Риека 1976; Современа југословенска уметност во Белфаст и Глазгов 1976; Современа југословенска уметност во Атина 1977; V белградско триенале 1977; Современо македонско сликарство во Париз 1977.
Награди:
III награда за сликарство на изложбата Наше историско минато во Скопје 1971; Откупна награда на XIV ликовна есен, Сомбор 1974; Награда „Моша

Пијаде“ на VI изложба на СЛУЈ, Сараево 1975; Откупна награда на изложбата Современ македонски цртеж“, Скопје 1975.

**Петар МАЗЕВ**

Роден 1927 во Кавадарци. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1953 год.
Живее и работи во Скопје: Орце Николов бр. 58/IV
Самостојни изложби:
Скопје — 1958 (со Д. Аврамовски), 1959 (со С. Куновски и И. Велков), 1960 (со С. Куновски), 1966, 1976,
Позначајни групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на ДЛУМ од 1954, на изложбите на групата „Мугри“, „Петмина“ и „Шестмина“, како и на изложбите: Изложба на Здружението на ликовни уметници на Македонија во Загреб 1954/55; Медитеранско биенале на ликовните уметности во Алекксандрија 1955; Изложба на СЛУЈ во Љубљана 1956; Современа југословенска уметност во Дубровник 1957; Современа југословенска графика во Бурма, Кина, Индија, Франција и Чиле 1957; Современа југословенска уметност во Милано 1957; II изложба на југословенска графика во Загреб 1958; 15 години ликовно творештво во Македонија, во Скопје 1959; I, II, III триенале на ликовните уметници на Југославија во Белград 1961, 1964, 1967; IV медитеранско биенале во Александрија 1961; Современа македонска уметност во Дижон 1962; Македонскиот портрет XIX и XX век во Скопје 1962; Современа југословенска уметност во Лозана 1963; Македонска современа уметност во Лондон, Братфорд, Даблин 1964; Македонската уметност денес во Рим 1965; Современа македонска уметност во Торино 1966; IV меморијал на Надежда Петровиќ во Чачак 1966; Есенски салон во Париз 1966; Шест југословенски уметници во Нирнберг, Штутгарт, З. Берлин 1966; Современа југословенска уметност во Багдад, Бејрут, Триполи 1967/68; Наше минато во Скопје 1968; Современа македонска уметност во Белград, Загреб, Сараево 1969; 10 македонски уметници во Ним и Шел 1970; Меморијал на Надежда Петровиќ во Чачак 1972; НОБ во делата на ликовните уметници во Југославија во Пекинг 1973; Современа југословенска уметност во Мексико Сити 1975; Современа југословенска уметност во Сан Луис Потоси 1976; Современа југословенска уметност во Атина 1977; Современо македонско сликарство во Париз 1977.
Монументални дела:
Фреска во Железарницата „Скопје“ 1967; Мозаик во Скопската банка 1971; Монументална керамопластика како дел на Споменикот на Илинден во Крушево 1974 година.
Награди:
Октомвриска награда на СРМ за сликарство 1960; Ноемвриска награда на град Скопје за сликарство 1965; Награда „Нерешки мајстори“ на изложбата на ДЛУМ, Скопје 1967; Награда на Салонот на поезијата на сликарството во Струга 1970; III награда за сликарство на изложбата „Наше минато“ во Скопје 1968 год.

**Димитар МАЛИДАНОВ**

Роден 1946 во с. Саракиново (Егејска Македонија). Завршил Академија за ликовна уметност во Љубљана и постдипломски студии за графика.
Живее и работи во Скопје: Јован Кукузел бр. 7б
Самостојни изложби:
Скопје — 1974 (Со Д. Биков); Куманово, Нови Сад, Битола — 1975; Зрењанин, Љубљана, Марибор — 1976; Париз — 1977.
Групни изложби:
Учествувал на изложбите на ДЛУМ од 1972, како и на изложбите: Изложба со групата ТВАН во Јесеници 1971; V колонија на младите во Ишањица 1972; IX струмичка ликовна колонија 1972; VI ликовна колонија на младите во Ивањица 1973; XVIII ликовна колонија во Ечка 1973; Југословенски портрет во Тузла 1973; 10 графичари во Белград 1974; XI ликовна колонија во Струмица 1974; Жената како инспирација во Скопје 1974; Современа југословенска уметност во Сараево 1975; Југословенско графичко триенале во Битола 1975; Современа југословенска графика во Суботица 1975; Изложба на југословенска графика во Загреб 1976; Меѓународна изложба во Пиран 1976; Изложба на меѓународната ликовна колонија во Бачка Топола 1976; Најмлади графичари од Љубљанска академија во Санта Круз (САД) 1975; Избор на југословенска графика од фундусот на ликовните средби во Суботица во Унгарија, Полска и Финска 1976; Современа млада југословенска графика во Париз, Орлеан и Шатору 1977; Балканот — зона на мирот во Букурешт 1977; XVII анале во Пореч 1977.
Награди:
I награда за графика на V ликовна колонија на младите во Ивањица 1972; Награда за графика „Моша Пијаде“ на ДЛУМ-ова изложба во Скопје 1973; Награда „Климент Охридски“ на VI мајска графичка изложба на ДЛУМ во Скопје 1975 год.

**Димитар МАНЕВ**

Роден 1948 во Штип. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1975 год.
Живее и работи во Скопје: ул. Т. Караџа бр. 21 /III-10
Самостојни изложби:
Скопје — 1976 (со И. Аризанов).
Групни изложби:
Учествувал на изложбите на ДЛУМ од 1975, како и на изложбите: IV југословенска палета на младите во Врбас 1977; IX југословенско биенале на младите во Риека 1977; учествувал во работата на ликовната колонија „Прохор Пчински“ кај Куманово 1977.

**Стефан МАНЕВСКИ**

Роден 1943 во Скопје. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1960 год.

Живее и работи во Скопје: ул. Рокомија бр. 41 нас. Бутел II.
Самостојни изложби:
Скопје — 1965, 1968, 1973; Белград — 1966 (со А. Ристевски); Куманово — 1973.
Позначајни групни изложби
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1964, како и на изложбите: Младо ликовно творештво во Белград 1959; Најмладите петмина во Скопје 1960; на изложби на УЛУС во Белград 1961, 1962, 1963; IV Октомвриски салон во Белград 1963; Македонски ликовни уметници во Словењ Градец 1964; Современа македонска уметност во Скопје 1965; Скопје 63 низ ликовни дела во Скопје 1965; Изложба на парковска скулптура во Скопје 1966; IV Биенале на младите во Риека 1966; Современа македонска скулптура — млада генерација во Скопје 1967; Македонски уметници од најмладата генерација во Нови Сад 1967; III Биенале во Белград 1967; Современи македонски уметници-актуелни тенденции во Скопје 1967; Современа македонска скулптура во Скопје 1967; Аспекти на цртежот во Македонија во Скопје 1967; Современи ликовни уметници во Скопје 1968; Современа македонска уметност во Белград, Сараево и Загреб 1969; Симпозиум Мермер и звуци во Аранѓеловац 1970; IV триенале во Белград 1970; Нашето историско минато во делата на македонските уметници во Скопје 1971/72; Современа југословенска уметност во Бејрут, Дамаск, Багдат и Триполи 1967; Современа југословенска уметност во Монтевидео, Сантијаго де Чиле, Боливија, Перу 1968; Меѓународно биенале на скулптура во метал во Варшава 1968; Современа југословенска скулптура во Прага и Брно 1969; Современа македонска уметност во Ферара 1969; Современа македонска уметност во Пиатра Неамц и Јаши (Романија) 1972; Движења во современата југословенска уметност во Дубровник 1974; VI изложба на СЛУЈ во Сараево 1975; Анале во Пореч 1977; Биенале на ситна пластика во Мурска Собота 1977; оСвремена југословенска умтност во Атина 1977 год.
Награди:
III Награда за скулптура на Универзитетскиот одбор на белградските студенти во Белград 1957; III сојузна награда за скулптура на изложбата Младо ликовно творештво во Белград 1959; Награда за скулптура на III триенале во Белград 1967; Октомвриска награда на СРМ за скулптура во Скопје 1968; I награда на конкурсот за спомен одбележување на УРСОВИ-те синдикати во Скопје 1975; Награда на ДЛУМ „Нерешки мајстори" 1976; III награда на конкурсот за споменик на Револуцијата во Тетово 1976.

## Дарко МАРКОВИК

Роден 1940 во Скопје. Завршил Архитектонски факултет во Скопје.
Живее и работи во Скопје: ул. 243 бр. 16
Самостојни изложби:
Скопје — 1968, 1973.
Групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на современата југословенска карикатура во земјата и странство; Југословенска карикатура во Будва 1968, 1969, 1970 1971; Светска галерија на карикатурата во Скопје 1968—1976; Биенале на карикатурата во Љубљана 1969, 1971, 1973; Шабачка чивија во Шабац 1968, 1969, 1970; Фестивал на карикатурата во Бордигера (Италија) 1970—1976; Изложба на современа југословенска карикатура во Париз 1973; Хелсинки 1974; Виетнам 1975; Изложбата 'Насрадин оџа" во Истанбул 1974, 1975, 1976; Изложба на карикатура во Атина 1976; Изложба на групата „Јуниј" во Љубљана 1977.
Награди:
I награда за карикатура во Будва 1958; Златна чивија во Шабац 1969; Награда „Бранислав Нушиќ" во Шабац 1970; Награда „Мартини" во Бордигера 1973; Награда на градот Бордигера 1974; Награди на Светската галерија на карикту ра во Скопје 1974 и 1976; Награда на Здружението на новинарите „Насрадин оџа" во Турција 1976; Сребрена ружа на Монтре (Швајцарија) за цртан филм 1977 год.

## Никола МАРТИНОСКИ

Роден 1903 во Крушево. Умрел 1973 во Скопје. Завршил Академија за ликовни уметности во Букурешт 1927.
Самостојни изложби:
Скопје — 1929, 1930, 1935, 1938, 1939, 1942, 1955, 1958, 1961, 1962, 1965, 1969, 1970, 1971, 1974, 1974/75 (ретроспективна); Белград — 1931, 1932 (со З. Поповиќ), 1953, 1954, 1966, 1973; Нови Сад — 1936; Загреб — 1937, 1954; Љубљана — 1953, 1954; Париз — 1954; Дижон — 1959; Куманово — 1969.
Позначајни групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на југословенската уметност пред војната во земјата и странство и со групата „Облик", на сите изложби на ДЛУМ од 1945 — 1973, како и на изложбите: Хегедушиќ, Коњовиќ, Михелиќ, Мартиноски во Њујорк и Вашингтон 1954; Современа југословенска уметност во Дубровник 1957; 15 години ликовно творештво во Македонија во Скопје 1959; I и II триенале во Белград; Меѓународно биенале на графика во Љубљана 1956; Мартиноски и Хаџи Бошков во Нови Сад 1959; Македонски портрет на XIX и XX век во Скопје 1962; Современа македонска уметност во Штип 1964; Современа југословенска уметност во Охрид 1964; Современа македонска уметност меѓу двете војни во Скопје 1967; Аспекти на цртежот во Македонија во Скопје 1967; Наше минато во Скопје 1968; Современа македонска уметност во Белград, Сараево и Загреб 1969; Ангажирана уметност во Југославија во Словењ Градец 1969; Современа македонска уметност во Истанбул и Анкара 1969; Меѓународна изложба на цртеж во Риека 1969; X анале во Пореч 1970; IV деценија — експресионизам на бојата, поетски реализам во Белград 1971; Уметноста на почвата на Југославија во Париз и Сараево 1971; Ликовна есен во Сомбор 1972, 1973; Изложба на ликовни дела на тема НОБ во Кичево и Скопје 1973; Социјални мотиви во делата на македонските уметници во Титов Велес и Скопје 1973;

Југословенската уметност во НОБ 1941 — 1945 во Белград, Сараево, Нови Сад, Цетиње, Скопје, Загреб 1975/76; Тито и Револуцијата во Скопје 1977 и др.

Награди:

I награда за дипломска работа во Букурешт 1927; Награда на град Скопје 1953 и 1955; Октомвриска награда на СРМ за сликарство во Скопје 1959; Сребрена плакета на СЛУЈ во Белград 1964; Октомвриска награда на СРМ за животно дело во Скопје 1964; Награда на АВНОЈ во Белград 1967; Награда „Нерешки мајстори" на есенската изложба на ДЛУМ во Скопје 1968; I Награда за цртеж на изложбата Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1972 и др.

## Ѓоко МАТЕВСКИ

Роден 1942 во Скопје. Академија за ликовни уметности завршил во Белград 1968 год.

Живее и работи во Скопје: ул. Орце Николов бр. 87

Самостојни изложби:

Белград — 1966; Скопје — 1969, 1972, 1973 (со Р. Мијакоски и А. Ивановски); Струмица — 1969; Штип — 1969 (со М. Апостолска); Куманово — 1970; Љубљана — 1972; Битола и Охрид — 1973.

Позначајни групни изложби:

Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1969, како и на изложбите: Современа македонска уметност во Истанбул и Анкара 1969; Дела на македонски уметници од колекцијата на МСУ во Скопје 1971; Современа македонска уметност — млада генерација во Скопје 1971; Наше минато во Скопје 1971/72. Млада македонска генерација во Белград 1972; Современи македонски уметници — млада генерација II во Скопје и Битола 1972; 16 современи македонски сликари во Рим 1973; XIII Анале во Пореч 1973; Светот во кој живееме во Белград 1973; 12 современи македонски уметници во Нови Сад 1974; XIV ликовна есен во Сомбор 1974; Млади македонски уметници во Белград 1976; Анале Пореч 1977; Современа југословенска уметност во Атина 1977 год.

Награди:

Награда за сликарство на весникот „Млад борец" Скопје 1970; Откупна награда на Ликовната есен во Сомбор 1974.

## Трајко МАТЕВСКИ — РИСИМКИН

Роден 1926 во с. Зубовце (гостиварско).

Сликар — самоук

Живее и работи во Скопје: ул. Пандо Кљашев бр. 89

Самостојни изложби:

Гостивар — 1956; Тетово — 1957, 1976; Скопје — 1957, 1966, 1974; Лозана — 1972; Базел — 1973; Делчево — 1974; Берово — 1975; Пехчево — 1975; Белград — 1975, 1976.

Групни изложби:

Учесник на повеќе групни изложби на аматери организирани во Битола и Сараево, од Центарот за култура и информации во Скопје, на изложбите на ДЛУМ од 1973, со група југословенски уметници во Женева 1972 г.

## Ристо МИЈАКОСКИ

Роден 1948 во Прилеп. Завршил Педагошка академија — ликовен смер во Скопје 1968 год.

Живее и работи во Скопје: Бул. Партизански одреди Б-7/II-14

Самостојни изложби:

Прилеп — 1969; Скопје — 1970, 1973 (со Ѓ. Матевски и А. Ивановски); Тјентиште — 1970; Куманово — 1972; Битола и Охрид — 1973.

Позначајни групни изложби:

Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1969, како и на изложбите: Млади македонски уметници во Загреб 1969; Моето сакано дело во Скопје 1969; НОБ во делата на југословенските ликовни уметници во Белград 1971; VI биенале на младите во Риека 1971; Современа македонска уметност — млада генерација во Скопје 1971; Југословенски портрет во Тузла 1971; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971, 1972; Современа македонска уметност во Романија 1972; Современа македонска уметност — млада генерација II во Скопје и Битола 1972; Меѓународна изложба на уметници — учесници на пленерот во Биеловеж во Полска 1972; 16 македонски сликари во Рим 1973; VII биенале на младите во Риека 1973; Меѓународно биенале во Њу Делхи 1973; 12 македонски современи уметници во Нови Сад 1974; Меѓународна изложба „Балтик 74" во Шчечин 1974; Југословенски портрет во Тузла 1975; Интернационално триенале во Њу Делхи 1975; Млади македонски уметници во Белград 1975; Интернационален есенски салон во Бања Лука 1975; Балкан-зона на мирот во Букурешт 1977; Меѓународно анале во Пореч 1977; Миг на југословенската современа уметност во Сомбор 1977.

Награди:

Награда за сликарство на изложбата Млади југословенски уметници во Загреб 1969; Специјална пофалба за изложбата на Тјентиште 1970; III награда на изложбата Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници Скопје 1971; Октомвриска награда на градот Куманово 1974.

## Доне МИЛЈАНОВСКИ

Роден 1941 во с. Статица (Егејска Македонија). Завршил Академија за применета уметност во Будимпешта 1967 год. sc

Живее и работи во Скопје: Бул. Партизански одреди, 125/IV-9

Самостојни изложби:

Скопје — 1977

Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1969, како и на изложбите: Моето сакано дело во Скопје 1970; Изложба на СЛУЈ во Загреб 1970; Поезијата како инспирација во Струга 1970; Современа македонска уметност — млада генерација во Скопје 1971; Нашето историско минато во делата на македонската ликовна уметност 1971/72; Современа македонска уметност во Романија 1972; Современа македонска уметност — млада генерација II во Скопје и Битола 1972; Млади македонски уметници во Белград 1975. Есенски салон во Бања Лука 1976; Изложба на таписерии во Белград 1976.
Награди:
Награда за цртеж на изложбата на цртежи ДЛУМ 1976 год.

## Боро МИТРИКЕСКИ

Роден 1927 во Прилеп. Завршил Академија за ликовни уметности во Загреб 1954 год.
Живее и работи во Скопје: Рајко Жинзифов бр. 52
Самостојни изложби:
Скопје — 1965, 1971, 1974 (ретроспектива); Нови Сад — 1966 (со В. Ѓорѓиев); Струга — 1969; Загреб — 1975 (со С. Куновски)
Позначајни групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1954, на изложбите на групата „Мугри 1960, 1961, како и на изложбите: 15 години ликовно творештво во Македонија во Скопје 1959; I, II, III триенале на ликовните уметности во Белград 1961, 1964, 1967: изложба на современа југословенска уметност во Рим, Милано, Венеција и Фиренца 1961; Ликовни уметници во Македонија во Дижон 1962; Македонски портрет на XIX и XX век во Скопје 1962: Македонски ликовни уметници во Словењ Градец 1964; Современа македонска уметност во Скопје 1965; Уметноста на Македонија — денес во Рим и Торино 1965/66; НОБ во делата на југословенските ликовни уметници во Белград 1966, 1971; Современа македонска скулптура во Скопје 1967; Наше минато во Скопје 1968; Современа македонска уметност во Белград, Сараево и Загреб 1969; Современа македонска уметност во Ферара 1969; 25 години АСНОМ во Скопје 1969; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971/72; Медитеранско биенале во Александрија 1972; Современа македонска уметност во Јаши (Романија) 1972; НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија во Скопје 1974; Современа југословенска уметност во Атина 1977 и др.
Награди:
Посебна пофалба и диплома на II триенале во Белград 1964; Октомвриска награда на СРМ за скулптура во Скопје 1965; Награда на ДЛУМ „Нерешки мајстори" во Скопје 1968; Награда на ликовно-поетскиот салон во Струга 1969; II награда за скулптура на изложбата 25 години АСНОМ во Скопје 1969; Откупна награда за споменикот на НОБ и Илинденското востание во Крушево 1969 год.

## Томе МИЦКОВСКИ

Роден 1950 во Скопје. Завршил Педагошка академија (ликовен смер) во Скопје.
Живее и работи во Скопје: ул. Наум Наумовски — Борче бр. 63
Самостојни изложби:
Скопје — 1977 год.

## Рашко МУРАТОВСКИ

Роден 1924 во Галичник. Завршил Академија за ликовни уметности во Загреб 1954.
Живее и работи во Скопје: ул. Пиринска бр. 147б
Групни изложби:
Учествувал на бројни изложби со ДЛУМ во Скопје и други градови во земјата, Изложба на подарени дела на градот Скопје во Скопје 1964, Изложба на скопски уметници во Лондон, Братфорд и Даблин 1964, Современа македонска скулптура во Скопје 1967.
Работел на изведба на повеќе споменици на тема НОБ.
Награди:
Награда за спомен-костурница во Струмица.

## Богдан МУСОВИЌ

Роден 1941 во Никшиќ. Завршил Филозофски факултет, група историја на уметноста во Белград 1977 год.
Живее и работи во Скопје: Музеј на современата уметност — Скопје.
Самостојни изложби:
Белград 1967 (со З. Вучиниќ); Скопје 1975.
Групни изложби:
Учествувал на изложбите на ДЛУМ од 1971, како и на изложбите: Традиционална изложба на студентите на Белградскиот универзитет во Белград 1969; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971/72; Млада генерација II во Скопје и Битола 1972; Биенале на младите во Риека 1975; Современа југословенска уметност во Куба, Колумбија и Панама 1976.

## Трајко МУФТИНСКИ

Роден 1898 во Куманово. Умрел 1963 во Белград. Студирал сликарство на Уметничката школа во Белград, Загреб и Прага. Се занимавал со фрескосликарство и сликање на иконостаси во повеќе цркви во кумановскиот крај.
Самостојни изложби:
Куманово — 1961.
Групни изложби:
Учествувал на изложбите на ДЛУК, како и на изложбите: Македонски портрет на XIX и XX век во Скопје, изложба на дела од колекцијата на Уметничката галерија од Куманово во Скопје 1973 и др.

## Петар НАНЕВСКИ

Роден 1942 во село Загоричани (Егејска Македонија). Завршил Академија за ликовна уметност во Белград 1968 год.
Живее и работи во Скопје: ул. Фуштанска бр. 33б, нас. Сингелиќ.
Групни изложби:
Учествувал на изложбите на ДЛУМ од 1972, како и на изложбите: Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971/72; Македонска современа уметност — млада генерација II во Скопје и Битола 1972.

## Вангел НАУМОВСКИ

Роден 1924 во Охрид. Сликар самоук.
Живее и работи во Охрид: ул. 29 ноември бр. 3.
Самостојни изложби:
Охрид — 1954, 1958, 1969; Струга — 1954, 1969; Битола — 1969;Прилеп — 1960; Загреб — 1963, 1969; Струмица — 1964; Рим — 1965, 1967; Кортина Д'Ампецо — 1967; Лондон — 1967; Милано — 1968; Париз — 1970; Комо, Новара — 1970; Белград — 1972; Торонто и Лос Анѓелос — 1973.
Позначјни групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на ДЛУМ од 1969, како и на изложбите: I квадриенале на наивната уметност во Чачак 1962; Македонски портрет на XIX и XX век во Скопје 1962; Југословенска современа уметност во Базел 1961; Наивни 63 во Загреб 1963; Европска изложба на наивната уметност во Линц, Грац и Салцбург 1963/64; во СР Германија 1963/64; во Монако 1966; во Лондон и Пратола Пелењи 1967; на XIX олимписки игри во Мексико 1968; III триенале во Белград 1967; I анале во Дубровник 1968; Профили 68 во Загреб; Големите мајстори на наивното сликарство во Париз 1968; Современа македонска уметност во Ферара 1969; Современа македонска уметност во Белград, Сараево и Загреб 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Уметноста на почвата на Југославија од праисторијата до денес во Париз и Сараево 1971; Нашето историско минато во делата на македонските уметници во Скопје 1971/72; Современо македонско сликарство во Париз 1977 и др.
Награди:
Награда за цртеж на изложбата на ДЛУМ 1969 во Скопје.

## Благоја НИКОЛОВСКИ

Роден 1944 во Скопје. Завршил Училиште за применета уметност во Скопје 1965 год.
Живее и работи во Скопје: ул. Чеде Филиповски бр. 14.
Самостојни изложби:
Скопје — 1973; Сараево — 1974.
Групни изложби:
Учествувал на изложбите на ДЛУМ од 1971, како и на изложбите Современа македонска уметност — млада генерација II во Скопје и Битола 1972; Современа македонска уметност во Романија 1972; Млади југословенски сликари на Тјентиште 1973; Интернационален салон во Бања Лука 1975; Млади македонски уметници во Белград 1975/76; Интернационално триенале во Њу Делхи 1975 год.
Награди:
Награда за сликарство на весникот „Млад борец" во Скопје 1973; Награда на VII есенски и I интернационален салон во Бања Лука 1975.

## Борис НИКОЛОСКИ

Роден 1935 во Прилеп. Завршил Академија за ликовни уметности во Љубљана 1959 год.
Живее и работи во Скопје: Бл. Партизански одреди — 101/III-2.
Самостојни изложби:
Скопје — 1968, 1974; Куманово — 1968.
Поважни групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на ДЛУМ од 1960; како и на изложбите: II биенале на младите во Риека 1962; Скопје 63 низ ликовни творби во Скопје 1965; Изложба на парковска скулптура во Скопје 1966; Современа македонска скулптура — млада генерација во Скопје 1967; Современа македонска уметност — актуелни тенденции во Скопје 1967; Аспекти на цртежот во Македонија во Скопје 1967; Наше минато во Скопје 1968; Современа македонска уметност во Ферара 1969; Современа југословенска скулптура во Прага и Брно 1969; Современа македонска уметност во Белград, Сараево и Загреб 1969; V биенале на младите во Риека 1969; Интернационалниот салон на Блед 1969; 1000 години на Каиро, во Каиро 1969; 25 години на АСНОМ во Скопје 1969; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971/72; Тенденции во македонската скулптура 72 во Скопје 1972; Современа македонска уметност во Јаши и Пиатра Неамц (Романија) 1972.
Награди:
Откупна награда за споменикот во Крушево 1969; II Награда за биста на Мито Хаџи Василев — Јасмин во Скопје 1969; III награда за споменикот на НОБ во Трнице (Маврово) 1969.

## Петар НИКОЛОВСКИ

Роден 1922 во Скопје. Завршил Средно уметничко училиште во Скопје 1949.
Живее и работи во Скопје: Радњанска бр. 18.
Самостојни изложби:
Скопје — 1958, 1962, 1968, 1970, 1973; Битола — 1960, 1969; Белград — 1973; Крушево 1974; Куманово — 1977.
Групни изложби:
Излагал на сите изложби на ДЛУМ до 1953, како и на изложбите: Моето сакано дело во Скопје 1970. Орден заслуги за народ за ликовна педагогија 1961, Пофалница за јубилејната изложба во Скопје (25 години творештво) 1973.

## Трајче НИКОЛОВСКИ

Роден 1919 во Прилеп. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград.

Живее и работи во Скопје: ул. 29 Ноември бр. 51.
Самостојни изложби:
Скопје — 1947, 1948, 1950, 1959, 1968; Прилеп — 1964; Штип — 1954; Охрид — 1956; Врање — 1957.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1953, како и на изложбите: Македонски пејсаж во Скопје 1960; Македонски портрет на XIX и XX век во Скопје 1962; Скопје низ ликовни дела во Скопје 1962; Современа македонска уметност во Штип 1964; Современа југословенска уметност I во Охрид 1964; Наше минато во Скопје 1968; 25 години АСНОМ во Скопје 1969; Сликарството во уметничките колонии на Југославија во Суботица 1969; Скопје низ ликовни дела во Скопје 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970 и др.

### Киро НУНЕВСКИ

Роден 1926 во Прилеп. Завршил Учителска школа и посетувал ВПШ — ликовна група.
Живее и работи во Скопје: Црноризец Храбар бр. 20 б нас. Лисиче.
Самостојни изложби:
Прилеп — 1954.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1962, како и на изложбите: НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија во Белград 1966; Југословенски портрет во Тузла 1967.

### Данчо ОРДЕВ

Роден 1945 во Скопје. Завршил Академија за ликовни уметности во Загреб.
Живее и работи во Скопје: Максим Горки бр. 10/I.
Самостојни изложби:
Загреб — 1972.
Групни изложби:
Учествувал на изложбите: Војници — ликовни уметници во Белград 1970; IV салон на младите во Загреб 1971 и V салон на младите во Загреб 1972.
Награди:
Награда на изложбата Војници — ликовни уметници во Белград 1970.

### Таки ПАВЛОВСКИ

Роден 1939 во с. Желин (Егејска Македонија). Завршил Академија за применета уметност во Белград 1965 год.
Живее и работи во Скопје: Партизански одреди 111/I-10.
Самостојни изложби:
Скопје — 1969, 1972, 1976, 1977; Куманово — 1976.
Позначајни групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1967, како и на изложбите: Наше минато во Скопје 1968; Современа македонска уметност во Ферара 1969; Изложба на СЛУЈ во Загреб 1970; НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија во Белград 1970; 25 години АСНОМ во Скопје 1970; Наше историско минато во делата на ликовните уметници на Македонија во Скопје 1971; Современа македонска уметност во Романија 1972; Современа македонска уметност — млада генерација II во Скопје и Битола 1972; 16 современи македонски сликари во Рим 1973; 12 современи македонски уметници во Нови Сад 1974; VIII, IX струмичка ликовна колонија во Струмица, Скопје и Крушевац 1971, 1972, 1975; Македонски млади уметници во Белград 1975/76; Современа југословенска уметност во Атина 1977 год.
Награди:
Награда на весникот „Нова Македонија".

### Димитар ПАНДИЛОВ АВРАМОВСКИ

Роден 1898 во с. Тресонче (галичко). Трагично загинал 1963 во Скопје. Завршил уметничка академија во Софија 1924 год.
Самостојни изложби:
Куприја — 1926; Скопје — 1926, 1956, 1962, 1966, 1975; Монпелие — 1928; Софија — 1930, 1934, 1937.
Позначајни групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1945 — 1963, како и на изложбите: Изложба на Друштвото на современите уметници во Софија 1929/30; 15 години ликовно творештво на НР Македонија во Скопје 1959; Македонски пејзаж во Скопје 1960; Македонски портрет на XIX и XX век во Скопје 1962; Македонски акварел во Скопје 1967; Аспекти на цртежот во Македонија во Скопје 1967; Современа македонска уметност во Белград, Сараево и Загреб 1969; Нашето историско минато во делата на македонските уметници во Скопје 1971/72; Социјални мотиви во делата на македонските ликовни уметници во Титов Велес и Скопје 1973; Револуционерното минато во македонската уметност во Скопје 1973; Современо македонско сликарство во Винковци 1973; НОБ во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1975 и др.

### Благоја ПАПАЗОВСКИ

Роден 1924 во Прилеп. Завршил Академија за применета уметност во Белград 1954 год.
Живее и работи во Скопје: ул. Прашка бр. 56.
Самостојни изложби:
Скопје — 1959, 1961, 1962 (со Д. Шумка), 1966, 1973, 1975; Прилеп — 1954.
Групни изложби:
Учествувал на повеќе изложбуи на ДЛУМ и ДЛУПУМ, како и на изложбите: со група краљевачки уметници во Краљево 1951; Современа македонска уметност во Ферара 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970 и др.
Награди:
I награда за идеен проект од областа на применетата уметност во Скопје 1956 год.

## Илија ПЕНУШЛИСКИ

Роден 1947 во Скопје. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1970/71.
Живее и работи во Скопје: Орце Николов бр. 56.
Групни изложби:
Учествувал на изложби на ДЛУМ како и на изложбите: Современи македонски уметници — млада генерација II во Скопје и Битола 1972; Млади македонски уметници во Костањевица 1975; Млади македонски уметници во Белград 1975/76, Ликовна есен во Сомбор 1977.

## Душан ПЕРЧИНКОВ

Роден 1939 во Скопје. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1966 год.
Живее и работи во Скопје: Бул. Партизански одреди бр. 101/I-9.
Самостојни изложби:
Белград — 1966; Скопје 1968, 1970 (со С. Шемов), 1975; Струмица — 1968 (со. Г. Чемерски и Ф. Јакопсен).
Позначајни групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на ДЛУМ од 1966, како и на изложбите: Октомвриски салон во Белград 1965; Мир, хуманост и пријателство меѓу народите во Словењ Градец 1965; Изложба на УЛУС во Белград 1965; Современо македонско сликарство — млада генерација I во Скопје 1967; Македонски уметници од најмладата генерација во Нови Сад 1967; III, IV, V југословенско триенале во Белград 1967, 1970, 1977; Современа македонска уметност во Истанбул и Анкара 1969; Современа македонска уметност во Белград, Загреб и Сара ево 1969; Современа југословенска уметност во Ница 1970; Избор од III југословенско триенале во Париз 1970; 10 македонски сликари во Ним и Шел 1970; Уметноста на почвата на Југославија од предисторијата до денес во Париз и Сараево 1971; Дела од VI сликарски недели во Рецкоф во Грац, Белград, Љубљана и Загреб 1971; 28 мајски салон во Париз, Скопје, Белград, Нови Сад 1972; Млади македонски уметници во Белград 1972; Критичарите одбраа 72 во Белград 1972; Современа македонсловенска графика во Битола 1973; Современа југословенска уметност во Ковентри 1973; 16 современи македонски уметници во Рим 1973; Движења во современата југословенска уметност во Дубровник 1974; 10 графичари во Белград 1974; Југословенски пејзаж во Зрењанин, Нови Сад, Сомбор, Суботица 1974; IV меѓународно биенале на оригиналниот цртеж во Риека 1974; Меѓународно графичко биенале во Љубљана 1977; Современа југословенска уметност во Атина 1977; Современо македонско сликарство во Париз 1977.
Награди:
Октомвриска награда на СРМ во Скопје 1968; Откупна награда на IV меѓународно биенале на оригиналниот цртеж во Риека 1974; III награда на Триеналето на југословенска графика во Битола 1973; Награда за графика од фондот „Моша Пијаде“, Скопје 1976; Откупна награда на НУБ „Климент Охридски“, Скопје 1977 год.

## Ангел ПЕТРОВ

Роден 1933 во Титов Велес. Завршил Академија за применета уметност во Белград 1962 год.
Живее и работи во Титов Велес: Владимир Назор бр. 5.
Самостојни изложби:
Скопје — 1967, 1969, 1972; Титов Велес — 1969; Струмица — 1969; Штип — 1969; Охрид 1972; Куманово — 1975.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1968, како и на изложбите: „Бигорските средби“ во Гостивар од 1968; 25 години АСНОМ во Скопје 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971/72; 25 години СЛУЈ во Скопје 1973; Збратимени уметници во Куманово 1974; Жената како инспирација во Скопје 1974; XI Рацинови средби во Титов Велес.

## Борис ПЕТРОВ

Роден во 1935 год. во Гевгелија. Завршил Училиштето за применета уметност и ВПШ — сликарски отсек во Скопје.
Живее и работи во Гевгелија: ул. Маршал Тито бр. 140.
Самостојни изложби:
Крушевац — 1958; Гевгелија — 1959, 1964; Скопје — 1965, 1973; Струмица — 1961; Белград — 1974.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1968, како и на изложбите: 25 години АСНОМ во Скопје 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971; НОБ во делата на југословенските ликовни уметници во Белград 1971.
Награди:
Ноемвриска награда за сликарство на град Гевгелија 1971.

## Јован ПЕТРОВ

Роден 1936 во с. Бегениште (кавадарско). Завршил Академија за ликовни уметности во Љубљана 1961 и III степен (конзервација) во 1965.
Живее и работи во Скопје: нас. 11 Октомври, згр. А-3/II.
Самостојни изложби:
Карловац — 1962; Скопје — 1971; Охрид — 1971; Битола — 1972; Струмица — 1974.
Групни изложби:
Учествувал на изложбите на Друштвото на ликовните уметници на Словенија од 1965, на изложбите на ДЛУМ од 1969, како и на изложбите: Наше минато во Скопје 1968; 25 години АСНОМ во Скопје 1968; Моето сакано дело во Скопје 1970; Изложба на југословенски цртеж во Шпанија 1972.

## Данка ПЕТРОВСКА

Родена 1946 во Скопје. Завршила Академија за ликовни уметности во Белград 1969 год.

Живее и работи во Белград: ул. Андре Николиќ бр. 11.
Самостојни изложби:
Скопје — 1974; Белград — 1974.
Групни изложби:
Новопримени членови на УЛУС во Белград 1970; Цртежи и ситна пластика во Белград 1970; XI октомвриски салон во Белград 1970; Ликовни средби во Суботица 1971; XIII октомвриски салон во Белград 1972; Млада генерација во МСУ во Скопје 1972; Есенска изложба на УЛУС во Белград 1973; Група млади сликари во Нови Сад 1974; Македонски млади уметници во Белград 1975/76.
Награди:
I награда за сликарство на Академијата за убавите уметности во Фиренца 1973.

## Стојан ПЕТРОВИК — РАФ

Роден 1936 во Скопје. Умрел 1976 во Скопје. Завршил Педагошка академија во Скопје.
Групни изложби:
Учествувал на изложбите на ДЛУМ од 1972 година.

## Богоја ПОПОВСКИ

Роден 1920 во с. Велмеј (охридско). Завршил Академија за ликовни уметности во Софија 1948 год.
Живее и работи во Скопје: Серска бр. 11.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1953 год.

## Драган ПОПОСКИ — ДАДА

Роден 1933 во Прилеп. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1964 год.
Живее и работи во Скопје: ул. Данска бр. 26б.
Самостојни изложби:
Скопје — 1965, 1969, 1973, 1975; Единбург — 1969; Харогејт (Англија) — 1974; Копар — 1976; Братфорд, Харогејт — 1976; Трст — 1977.
Поважни групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на ДЛУМ од 1965, како и на изложбите: Октомвриски салон во Белград 1964; Современа македонска скулптура — млада генерација I во Скопје 1967; Наше минато во Скопје 1968; VII меѓународно биенале во Александрија 1968; Мермерен симпозиум во Аранѓеловац 1969; 25 години АСНОМ во Скопје 1969; Современа македонска уметност во Ферара 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Меѓународно студио за дрво во Прилеп 1971; Современа македонска уметност во Романија 1972; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници 1971/72; Меѓународен симпозиум во мермер во Оронско (Полска) 1972; Изложба на графики и цртежи во Илкли (Англија) 1974; Бањалучки салон во Бања Лука 1975; Интернационално анале во Пореч 1977; Современа југословенска уметност во Атина 1977.
Награди:
I награда за споменик на Жена-борец во Прилеп 1963; I награда за релјеф на аеродромот Петровец во Скопје 1967; II награда за скулптура на изложбата Наше минато во Скопје 1968; Откупна награда за споменикот на Илинденското востание и Револуцијата во Крушево 1969; I награда за релјеф на Домот на ЈНА во Скопје 1970; II награда за скулптура на изложбата Нашето историско минато во делата на македонските уметници во Скопје 1972; I награда за споменикот на Студентските демонстрации во Скопје 1974; II награда за спомеником на жртвите од НОБ во Струга 1975.

## Василие ПОПОВИК ЦИЦО

Роден 1914 во Скадар. Умрел 1962 во Скопје. Завршил уметничка школа во Белград 1938 год.
Самостојни изложби:
Скопје — 1957, 1963, 1971, 1972, 1973; Титов Велес — 1971.
Поважни групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1945 до 1962, како и на изложбите: V пролетна изложба на југословенските уметници во Белград 1933; Изложба по повод 10 годишнината на „Јефимија“ во Скопје 1940; Изложба на југословенската карикатура во Белград 1948; Мартиноски, Владимирски, Тодоровски, Поповиќ — Цицо и Костовски во Скопје 1959; Македонски пејзаж 1960; Скопје низ ликовни дела во Скопје 1962; Современа македонска уметност во Штип 1964; Современа македонска уметност меѓу двете војни во Скопје 1967; Македонски акварел во Скопје 1967; Аспекти на цртежот во Македонија во Скопје 1967; Скопје низ ликовни дела во Скопје 1969; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971/72; Изложба на ликовни дела на тема НОБ во Кичево и Скопје 1973; Социјални мотиви во делата на македонските ликовни уметници во Титов Велес и Скопје 1973; Југословенската уметност во НОБ 1941 — 1945 во Белград, Сараево, Нови Сад, Загреб, Скопје 1975/76 и др.
Награди:
Награда на Владата на НР Македонија во Скопје 1947, Републичка награда за сценографија од Владата на НР Македонија во Скопје 1950; Златна арена за сценографија во Пула 1959; Октомвриска награда на СРМ за политичка карикатура во Скопје 1960; Октомвриска награда на СРМ за сценографија во Скопје 1962.
Одликуван е со Медал за заслуги за народ и Орден на трудот од III ред за развој на македонската култура.

## Димче ПРОТУГЕР

Роден 1920 во Охрид. Завршил Уметничка академија во Софија.
Живее и работи во Скопје: ул. Емил Зола бр. 9.
Самостојни изложби:
Охрид, Струга и во Скопје — 1961 и 1974.
Групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на ДЛУМ од 1947, на изложбите на ДЛУПУМ од 1955, на изложбите со групата Мугри, како и на изложбите: Југословенско сликарство на XIX и XX век 1947 — 1948 во земјата, Југословнска уметност во НОБ 1941 —

1945 во Белград, Нови Сад, Сараево, Загреб, Скопје 1975.
Награди:
Орден заслуги за народ од III ред.

## Александар РИСТЕСКИ

Роден 1937 во Прилеп. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1962 год.
Живее и работи во Скопје: ул. Алпи бр. 15 нас. Бутел II.
Самостојни изложби:
Белград — 1962 (со. М. Ѓорѓевиќ), 1966 (со С. Маневски); Скопје — 1962 (со М. Ѓорѓевиќ), 1965, 1968, 1971, 1973, 1976; Прилеп — 1964; Струмица — 1974.
Поважни групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1963, како и на изложбите: НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија 1961, 1963; II октомврискi салон во Белград 1962; III, IV биенале на младите во Риека 1964, 1966; Уметноста во Македонија денес во Рим 1965; Мир, хуманост и пријателство меѓу народите во Словењ Градец 1965; Совремно македонско сликарство во Торино 1966; Современо макдонско сликарство во Белград, Сараево и Љубљана 1966; Современо македонско сликарство — млада генерација I во Скопје 1967; III југословенско триенале во Белград 1967; Аспекти на цртежот во Македонија во Скопје 1967; I изложба на југословенска уметност на Блискиот Исток; Наше минато во Скопје 1968; Современа македонска уметност во Истанбул и Анкара 1969; 25 години АСНОМ во Скопје 1969; Современа македонска уметност во Ферара 1969; Современа македонска уметност во Белград, Сараево и Загреб 1969; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971/72; XIII анале во Пореч 1973; Галерија „6х6" во Аранѓеловац 1973; 16 современи македонски сликари во Рим 1973; Пејзажот во современата уметност на Југославија во Зрењанин 1974; Современа југословенска уметност во Сараево 1975.
Награди:
III награда за сликарство на изложбата „Наше минато" во Скопје 1968; Ноемвриска награда за сликарство на град Скопје 1974.

## Елена РИСТЕСКА

Родена 1939 во Прилеп. Студирала на Академијата за ликовна уметност во Белград.
Живее и работи во Скопје: ул. Алпи бр. 15, населба Бутел II.
Групни изложби:
Излагала на изложбите на ДЛУМ од 1964, како и на изложбите: во Словењ Градец 1965, во Прилеп 1966, НОБ во делата на ликовните уметници во Белград 1966, Струмичка ликовна колонија 1966, Современо македонско сликарство — млада генерација I во Скопје 1967 и др.

## Исени РЕЏАИ

Роден 1939 во с. Матејче (кумановско). Завршил Педагошка академија — ликовна група во Скопје 1965 год.
Живее и работи во с. Матејче (кумановско).
Самостојни изложби:
Прешево — 1968; Куманово — 1968, 1971; Скопје и Белград — 1969.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1969. Како член на ДЛУК и „Зеф Коломби" од Урошевац учествувал на изложбите во Охрид, Битола, Штип, Лесковац, Врање, Урошевац, Гњилане, Приштина и Прешево. Југословенски портрет во Тузла 1975; Женатa како инспрација на уметникот во Скопје 1976 и др.
Награди:
Ноемвриска нагрда на градот Куманово 1976 год.

## Живко САРЕВСКИ

Роден во Дебар. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1954.
Живее и работи во Дебар: Амди Леши бр. 46.
Самостојни изложби:
Дебар, Охрид, Јесеницe, Толмин, Бовец — 1956.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1954, како и на изложбите: во Белград, Сараево и Љубљана.
Награди:
Јулска награда во Словенија, место — Бовец 1956; Награда на градот Дебар за Амблем 1970.

## Томислав СЕРАФИМОВСКИ

Роден 1935 во с. Зубовце (гостиварско). Завршил Академија за ликовни уметности во Загреб.
Живее и работи во Гостивар: ул. Панче Поповски бб.
Самостојни изложби:
Гостивар — 1955, 1957; Сплит — 1956; Риека — 1965; Париз — 1967; Скопје — 1974; Делчево — 1974; Белград — 1975; Охрид — 1976.
Групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на ДЛУМ од 1962, како и на изложбите: со групата „Млади" во Сплит 1975; Скопје 63 низ ликовни дела во Скопје 1965; ОН во борба за еднаквост и слобода меѓу земјите 1965; Моето сакано дело во Скопје 1970; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971/72 и и др.
Автор е на повеќе споменици и спомен-обележја, меѓу кои: Споменик на Кирил Пејчиноиќ во Тетово; Спомник на Иљо Антески — Смок во Тетово; Споменик на рударот — Саса — во Каменица Македонска; Споменик на Мавровскиот партизански одред кај Ново Село во Гостивар и др.
Награди:
I награда на Изложба на младите во Сплит 1956; II награда за скулптура на изложбата Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1972; Октомвриска награда

за скулптурата на СРМ во Скопје 1976; Ноемвриска награда на градот Гостивар 1976.

**Васил СИМОНОВСКИ**

Роден 1939 во Скопје. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград.
Живее и работи во Скоје: ул. Радое Дакиќ бр. 8а.
Самостојни изложби:
Скопје — 1970.
Групни изложби:
Учествувал на изложбите на ДЛУМ од 1968.

**Јонче СИМОНЧЕ**

Роден 1921 во Охрид. Студирал Академија за применета уметност во Белград.
Живее и работи во Охрид: ул. Климентска бр. 102.
Самостојни изложби:
Охрид — 1949, 1950, 1970; Битола — 1952; Струга — 1954; Ресен — 1956.
Групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на ДЛУМ од 1949 год., како и на изложбите: Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971/72.
Награди:
Ноемвриска награда на градот Охрид, 1969.

**Крсто СЛАВКОВСКИ**

Роден 1928 во с. Кучевиште (скопско). Скулптор самоук.
Живее и работи во Скопје: ул. Крали Марко бр. 76 нас. Бутел I.
Самостојни изложби:
Скопје — 1971/72 (со С. Босилковски), 1975.
Групни изложби:
Учествувал на традиционалните аматерски изложби во Центарот за култура и информации на град Скопје, на изложбите на ДЛУМ од 1972 на изложбата „Југословенски наивни уметници" во Костањевица на Крка (Словенија), Сараево и Битола 1974.
Награди:
II награда за скулптура за Заедничката изложба на наивни уметници во Скопје 1969 год.

**Владимир СПАСОВ**

Роден 1933 во Титов Велес. Завршил Виша педагошка академија — ликовен смер во Скопје 1963.
Живее и работи во Скопје: ул. Апостол Гусларот бр. 6.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1964, како и на изложбите: Македонски акварел во Скопје 1967; Современа македонска уметност во Ферара 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970 год.

**Миро СПИРОВСКА**

Родена 1939 во Битола. Завршила Педагошка академија во Скопје.
Живее и работи во Скопје: Бул. Партизански одреди 127/I-10.
Самостојни изложби:
Битола — 1965, 1966, 1968; Охрид — 1968; Скопје — 1969, 1976; Белград — 1970; Загреб — 1977.
Позначајни групни изложби:
Од 1957 учествувала на сите изложби на битолските уметници, од 1966 на сите изложби на ДЛУМ и ДЛУПУМ, како и на изложбите: Жени уметниц и од СР Македонија во Скопје 1970; Изложба на група уметници од УЛУХ и УЛУС во Риека, Опатија и Лондон 1971; Современа македонска уметност — млада генерација II во Скопје 1972; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1972; 25 години СЛУЈ во Скопје 1973; 14 современи македонски уметници во Нови Сад 1974; Животот на жената во целиот свет во Шведска 1976; НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија во Белград 1976 и др.
Награди:
Награда за таписерија на изложбата „Нашето историско минато во делата на макеонските ликовни уметници" — Скопје 1972.

**Перо СПИРОВСКИ**

Роден 1928 во Битола. Завршил Педагошка академија (сликарство) во Скопје.
Живее и работи во Битола: Стевче Патако бр. 2а.
Самостојни изложби:
Кавадарци — 1955, 1967; Штип — 1956; Битола — 1957, 1965, 1975; Прилеп — 1965; Кичево — 1969; Скопје — 1975; Куманово 1975.
Позначајни групни изложби:
Учествувал на изложбите на ДЛУМ од 1952, на сите изложби на групата ВДИСТ и ДЛУБ, како и на изложбите: заедничка изложба со Пецо Видимче во Битола; 15 години ликовно творештво во СРМ 1959; III триенале на ликовните уметници на Југославија во Белград 1967; Современа македонска уметност во Ферара 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Жената како инспирација во Скопје 1974.
Награди:
Откупна награда на X јубилејна изложба на битолските уметници во Битола 1975 год.

**Верољуб СТАНКОВИЌ**

Роден во Куманово 1936. Умрел во Куманово 1967. Завршил Академија за ликовни уметности во Загреб 1964.
Групни изложби:
Учествувал на изложбата „Ликовни уметници од Куманово" во Куманово 1967; на изложбата „Аспекти на цртежот во Македонија" во Скопје 1967.

**Златко СТЕФАНОВ**

Роден 1935 во Скопје. Завршил Педагошка академија — ликовен смер во Скопје 1964 год.
Живее и работи во Скопје: Дамаска бр. 26а.

Самостојни изложби:
Скопје — 1969, 1971, 1974.
Позначајни групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1967, како и на изложбите: Современа македонска уметност во Ферара 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Поезијата како инспирација во Струга 1970; Изложба на дело од Струмичката ликовна колонија во Охрид и Приштина 1970; 6 Современи македонски сликари во Врњачка Бања 1973 и др.

## Љупчо СТЕФАНОВСКИ

Роден 1919 во Охрид. Завршил Академија за применета уметност во Софија 1946, како и Академија за ликовни уметности во Загреб 1951 год.
Живее и работи во Скопје: ул. Раде Кончар бр. 5а.
Групни изложби:
Учествувал на повеќе изложби на УЛУХ и ДЛУМ од 1952, како и на изложбите: Скулптура во отворен простор во Скопје 1966; Македонска скулптура во Скопје 1967; Моето сакано дело во Скопје 1970.
Монументални дела:
Споменици во Крушево 1954, Крива Паланка 1964, фонтана „Жега" во Скопје 1960, релјеф „Изградба" во Стопанска банка во Скопје 1961.
Награди:
Орден на трудот со сребрен венец 1967; Плакета на Педагошката академија во Скопје.

## Димитар СТОЈЧЕВСКИ

Роден 1940 во Сисак. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград 1967 год.
Живее и работи во Скопје: Ѓуро Ѓаковиќ бр. 23.
Групни изложби:
Октомвриски салон во Белград 1966; Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1969; Современи македонски уметници — млада генерација II во Скопје и Битола 1972; VII биенале на младите во Риека 1973 и др.

## Душко СОТИРОВСКИ

Роден 1929 во Прилеп. Завршил Уметничко училиште во Скопје.
Живее и работи во Скопје: Луј Пастер бр. 14.
Самостојни изложби:
Скопје — 1971; Куманово — 1971; Битола — 1973.
Групни изложби:
Учествувал на изложбите на ДЛУМ од 1970; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1972; I триенале на југословенската графика во Битола 1972; Уметници од Југославија на Његош во Цетиње 1974; Југословенски уметници за спомен-паркот во Кралево 1974; Жената како инспирација на уметникот во Скопје 1976; Ликовни средби во Суботица 1976.
Награди:
Откупна награда на ликовниот салон „13 Ноември" во Цетиње 1974.

## Ратко СТРУМЕНИКОВСКИ

Роден 1936 во Преспа. Завршил Академија за применета уметност во Белград 1963 година.
Живее и работи во Битола: ул. Киро Дандаро бр. 12.
Самостојни изложби:
Титоград — 1963; Ресен — 1968; Куманово — 1973.
Позначајни групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1964, како и на изложбите: Современа македонска уметност во Ферара 1969; НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија во Белград 1971, 1974; Современа југословенска графика во Битола од 1972, 1975; Изложба Спомен парк во Кралево 1973; Ликовни средби во Суботица 1975 год.
Награди:
Награда на град Битола 1969; Награда за графика во Куманово 1973, Откупна награда на НУБ „Климент Охридски", Скопје 1976.

## Борислав ТАЛЕВСКИ

Роден 1934 во Битола. Учел Средно уметничко училиште во Скопје и Ниш.
Живее и работи во Битола: Стерјовски Ѓорѓи бр. 2а
Самостојни изложби:
Битола — 1953, 1958, 1964, 1968, 1972, 1974, 1975, 1977; Охрид — 1961, 1965; Прилеп — 1955, Скопје — 1965, 1971, 1974, 1977; Штип — 1963, 1970; Струмица — 1962; Калиш и Гливице (Полска) — 1968; Порденоне (Италија) — 1972; Марибор — 1972; Катовице (Полска) — 1976; Кладско (Полска) 1977.
Групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1968, како и на изложбите: Моето сакано дело во Скопје 1970; НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија во Белград 1971; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1972; 25 години СЛУЈ 1973 и др.

## Васко ТАШКОВСКИ

Роден 1937 во с. Ниже Поле-Битолско. Завршил Академија за применета уметност во Белград 1964 год.
Живее и работи во Скопје: Карпош IV, згр. А-7, вл. II/6
Самостојни изложби:
Шибеник — 1965; Скопје — 1969, 1970, 1973; Битола — 1969; Струмица — 1970; Белград — 1977 год.
Позначајни групни изложби:
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1968, како и на изложбите: Современо македонско сликарство — млада генерација I во Скопје 1967; Современа македонска уметност во Ферара 1969; III југословенско триенале на цртеж во Сомбор 1969; 25 години АСНОМ во Скопје 1969; Моето сакано дело во Скопје 1970; Поезијата како инспирација во Струга 1970; Изложба на СЛУЈ во Загреб 1970; НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија во Белград, Загреб и Љубљана 1971; Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници во Скопје 1971; Млада македонска култура во Белград

1972; Современа македонска уметност во Романија 1972; Југословенски цртеж во Шпанија 1972; 16 македонски современи сликари во Рим 1973; Југословенската уметност во Лондон 1974; VIII меморијал на Надежда Петровиќ во Чачак 1974; Интернационално биенале на фантастика во Фиренца 1975; V триенале во Сомбор 1975; НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија во Белград 1976; Југословенска современа уметност во Атина 1977 год.

Награди:

Награда на Музејот на современата уметност од Скопје за цртеж 1969; I награда на изложбата НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија во Белград 1976 год.

### Ана ТЕМКОВА

Родена 1943 во Кавадарци. Завршила Академија за ликовни уметности во Белград 1966 год.
Живее и работи во Скопје: Бул. Партизански одреди бр. 93/II-14

Самостојни изложби:

Штип — 1968; Равена — 1969; Скопје — 1970, 1973, 1974; Охрид — 1970; Белград — 1971 (со В. Василев), Нови Сад — 1972; Сомбор — 1976.

Позначајни групни изложби:

Учествувала на сите изложби на ДЛУМ од 1966, како и на изложбите: Октомвриски салон во Белград 1967; III триенале во Белград 1967; Југословенски портрет во Тузла 1967; Југословенска уметност во земјите на Блискиот Исток 1967; Современа македонска уметност — млада генерација I во Скопје и Нови Сад 1967; Наше Минато во Скопје 1967; Меморијал на Надежда Петровиќ во Чачак 1968; Современа македонска уметност во Белград, Загреб и Сараево 1969; Современа македонска уметност во Истанбул и Анкара 1969; Македонска современа уметност во Ферара 1969; Југословенски современи уметници во Ница 1970; Југословенски портрет во Тузла 1971; Наше историско минато во Скопје 1971; Современа македонска уметност во Романија 1972; Македонско современо сликарство во Рим 1973; Десет графичари во Белград 1974; Биенале на младите во Риека 1975; Југословенски портрет во Тузла, Сараево и Белград 1975; Пето триенале на југословенскиот цртеж во Сомбор 1975; Есенски салон во Бања Лука 1975; Триенале на современата југословенска графика во Битола 1975.

Награди:

